судска и извршна, и да биде обезбедена нивна целосна самостојност. Исто така, владеењето на правото, сфатено во најширока смисла, парламентарните повеќепартиски избори, неприкосновеноста на приватната сопственост, пазарната економија, транспарентноста, се оние темелни принципи кои мора да бидат вградени во секој устав ако сакаме да зборуваме за демократијата воопшто.

Ако се погледа Уставот на Република Македонија, сите овие темелни принципи се вградени, односно, нашиот Устав како највисок правно-политички акт, според оценките на меѓународните институции и експерти, во ништо не заостанува зад уставите на другите европски односно демократски држави. Кога зборуваме за нашиот Устав да потсетам дека од неговото донесување па до денес направени се неколку уставни промени, последната се однесуваше на цензусот за избор на претседател на државата. Секако морам да ги споменам уставните амандмани кои произлегуваат од Рамковниот (Охридскот) договор кои денеска се еден од столбовите на парламентаризмот кај нас и на нашето мултиетничко и мултикултурно општество.

Есенцијален дел на парламентарната демократија, односно на секое демократско општество, се политичките партии. Ова го велам не само од причина што политичките партии излегуваат на избори и се борат за освојување на власта туку, пред сè, од фактот дека тие обединуваат најразлични општествени структури и слоеви, ги артикулираат нивните интереси и обезбедуваат институционализирана структура за политичко учество. Имајќи предвид дека живееме во многу динамично време, со изразито сензитивен електорат, партиите се тие кои мораат постојано да развиваат идеи за политики од широк спектар на теми, понатаму, треба да обезбедат целосна транспарентност и многу активна и ефикасна комуникација со своите избирачи. Патем, новите технологии на комуникации, пред сè Интернетот и социјалните мрежи, денеска овозможуваат многу ефикасни и брзи комуникации скоро со секој граѓанин.

Со ова доаѓаме и до многу значајното прашање, а тоа е внатрешната демократизација на партиите. Имено, за да градиме современо демократско општество потребно е да имаме современи партии со висок степен на внатрешна демократија. Дали нашите партии се такви? Не сакам да давам никакви квалификации бидејќи едноставно мене ми недостасуваат сериозни политиколошки и емпириски истражувања токму на оваа тема.

Втор значаен фактор кој влијае на парламентарната демократија е невладиниот сектор, односно цивилното општество. Имено, невладиниот сектор е тој кој исто така треба и може да ги артикулира интересите на граѓаните или на одредени општествени слоеви и категории. Понатаму, невладините организации имаат контролна улога и коректив на политиките на политичките партии, а секако и на функционирањето на државата и на државните институции. Мислам дека во Република Македонија се направени квалитативни чекори кога станува збор за

местото и улогата на невладиниот сектор токму на полето на демократизацијата на општеството.

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Само како потсетување, актуелниот мандатен период на Собранието на Република Македонија е шести по ред од осамостојувањето. Собранието своите надлежности како законодавен дом ги извршува врз уставните начела, потоа, Деловникот за работа и Законот за Собрание кој го донесовме неодамна. Од осамостојувањето па до мај оваа година Собранието на Република Македонија усвоило 2.852 закони. Ова покажува дека во Република Македонија имаме доста добро заокружен правен систем. Имајќи предвид дека наша стратешка определба се евроатлантските интеграции, Собранието посебно внимание посветува на хармонизација на националното законодавство со европското. Само како илустарција, во периодот од 2007 па до мај 2010 година во Собранието се донесени 221 закон кои во целост се усогласени со директивите на ЕУ.

Кога бев избран за Претседател на Собранието во својот инаугуративен говор истакнав дека мој приоритет е Парламентот да прерасне во вистински храм на демократијата. Тоа да го направиме е одговорност на сите 120 пратеници. Првите чекори во тој правец беа донесувањето на новиот Деловник.

Со новиот Деловник како и со Законот за Собрание направени се многу значајни чекори во јакнењето на улогата и независноста на законодавниот дом визави извршната власт, а сето тоа води кон јакнењето на парламентарната демократија во целост. Тоа што мислам дека е многу битно, со новиот Деловник во процесот на донесувањето на законите јакне улогата на собраниските комисии, кои како матични тела водат расправа за секој предлог закон. Мое мислење е дека токму во комисиите и работните тела треба да се води онаа вистинска расправа меѓу власта и опозицијата каде што со силата на аргументи ќе се наметнуваат одредени решенија.

Понатаму, сакам да ја истакнам дека со Деловникот и Законот за Собрание јакне контролната улога на Парламентот. Имено, современиот парламентаризам не се сведува само на легислативата, туку сѐ повеќе се насочува врз контролната функција, односно како донесените закони се применуваат во практиката, а за тоа е одговорна извршната власт. За таа цел се таканаречените надзорни расправи кои може да ги организира секоја собраниска комисија за одделни прашања, а тоа што е значајно, на нив покрај пратеници и претставници на извршната власт можат да бидат поканети и претставници на стручната јавност, невладиниот сектор и други кои можат рамноправно да учествуваат во дискусиите.

Кога ги споменав собраниските комисии и работните тела морам да се осврнам накратко и на Националниот совет за евроинтеграции, собраниско тело кое по правило го води претставник на опозицијата, а кое според својот состав, покрај

пратеници има и претставници на невладиниот сектор, синдикатот, верските заедници и на други асоцијации. Ова собраниско тело има многу значајна улога токму во остварувањето на нашата стратешка определба – интеграција во Европската Унија.

Значаен механизам во функционирањето на Собранието, или подобро речено на парламентаризмот, се и редовните координации кои се одржуваат секој понеделник. На нив, покрај претседателот на Собранието кој ги води, присуствуваат тројцата потпретседатели и координаторите на пратеничките групи. На овие координации присуствува и претставник на Владата на ниво на вицепремиер задолжен за евроинтеграциите. На овој начин, од една страна се договараме за нашето работење како парламент во смисла кога ќе имаме седница, го утврдуваме дневниот ред и така натаму, а во исто време добиваме и информации за работата на Владата во смисла кои закони ги подготвува, до каде се и ред други прашања.

Како новина во македонскиот парламентаризам морам да го споменам и Парламентарниот институт како ново собраниско тело кое во целост е наменето за јакнење на капацитетот на Собранието, на пратениците како и на целокупната собраниска администрација. Имено, станува збор за независна аналитичка и истражувачка служба која ќе обезбедува авторитативни анализи, компаративни европски истражувања, база на податоци, ќе организира едукативни обуки за пратеници и службеници и така натаму. Целиот овој проект е поддржан од страна на меѓународната заедница, европските институции, НДИ, УСАИД, Вестминстерската фондација, а, секако, морам да истакнам дека во средината на мај со Амбасадорката на Швајцарската Конфедерација Никол Вирш потпишав меморандум за разбирање со кој се поддржува овој значаен проект.

Сакам да истакнам уште една новина со која сме први во регионот а и меѓу помалиот број европски држави кои тоа го имаат. Имено, станува збор за таканаречениот *е-парламент.* Во практика тоа значи дека целиот законодавен процес кај нас се одвива електронски. Од доаѓањето на законот во собраниска процедура, преку негова дистрибуција до сите пратеници и надлежни собраниски служби, па преку поднесување амандмани и сè до неговото усвојување, сè правиме по електронски пат. Не карикирам, но фактички пратеник кој, на пример, службено е надвор од државата преку својот лаптоп може да поднесува амандман од каде било.

Во средината на мај во Стокхолм се одржа Конференција на претседатели на парламенти на државите членки на ЕУ и државите кандидати, на која една од темите беа токму новите технологии на комуницирање како предизвик за парламентите и парламентарната демократија, а моето излагање беше прифатено од европските колеги како многу позитивен пример кој треба да се следи.

Исто така, како парламент посебно внимание посветуваме на транспарентноста на нашето работење. Преку Собранискиот ТВ канал можат директно да се следат сите пленарни седници, понатаму, се емитуваат и сите седници на комисиите и другите работни тела. На нашата веб страна *www.sobranie.mk* која ја ажурираме и на албански, англиски и француски јазик може секој да ги следи сите настани што се случуваат во Собранието, а исто така може да го следи и самиот процес на усвојување на законите. Морам да истакнам дека, според истражувањата, бројот на посетителите на нашата веб страна постојано расте, а токму Интернетот е на второ место по ТВ кога станува збор за информирањето на граѓаните за работата на Собранието. Тука се редовните соопштенија, прес конференции, а и барем еднаш месечно средби со новинарите известувачи од Собранието.

На почетокот го споменав Охридскиот рамковен договор и уставните амандмани кои призлегоа од него. Во рамките на неговата имплементација би сакал да истакнам дека во Собранието на Република Македонија сите материјали кои доаѓаат во собраниска процедура се преведуваат на мајчиниот јазик кој го зборуваат над 20 проценти од населението на Македонија, а тоа е албанската етничка заедница. Исто така, на пленарните седници како и во комисиите пратениците кои припаѓаат на оваа категорија го користат својот мајчин јазик. Можеби уште еден податок, во периодот 2008-2010 во Собранието се усвоени 80 закони според таканареченото Бадинтерово правило. Инаку, посебно внимание посветуваме на правичната застапеност на припадници на другите етнички заедници во собраниската администрација и имаме и на ова поле квалитативен напредок.

Сето ова што го имаме направено во јакнењето на парламентарната демократија беше многу јасно истакнато во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија. Токму затоа Европската комисија препорача да добиеме и датум за отпочнување на преговорите со ЕУ, а зошто тоа го немаме е друга тема.

Како што реков, кога станува збор за парламентарната демократија ние штотуку излеговме од детството, но иако сега сме полнолетни детските болести одвреме-навреме нѐ зафаќаат. На пример, опструкцијата на Собранието од страна на една парламентарна партија како метод е навистина легитимен во историјата на парламентаризмот, но во денешниот современ демократски свет е одамна надминат. Сепак тоа што охрабрува, а во исто време ја зголемува нашата одговорност како пратеници, е фактот дека одиме напред во градењето современа парламентарна демократија. Дали може таа динамика да биде поголема, верувам дека може и дека зависи, пред сѐ, од волјата на нас кои сме избрани од граѓаните. А јас сум убеден дека граѓаните тоа најдобро можат да го оценат. Токму затоа се и парламентарните избори на кои граѓаните оценуваат дали како поединци и како припадници на одредени политички партии сме ја оправдале нивната доверба.

**ABSTRACT**

Parliamentary democracy as a state model, but also as a social system of values, has been present in the Republic of Macedonia since its independence. An essential part of the parliamentary democracy, i.e., of every democratic society, are political parties on the one hand and the civil society on the other; it articulates citizens' interests or those of certain other social strata and categories and it also represents the corrective of the policies of political parties and, of course, of the functioning of the state and state institutions.

The Parliament, as a legislative institution, performs its role in the domain of its jurisdiction on the basis of the Constitutional principles, Rules of Procedure and the Law on the Parliament of the Republic of Macedonia that have been recently adopted. Since independence to the present, the Parliament of the Republic of Macedonia has adopted 2,852 laws. With the new Rules of Procedure and Law on the Parliament of the Republic of Macedonia many significant steps have been made in the strengthening of the role and independence of the Parliament as a legislative body vis-à-vis the executive power, and all this leads to the strengthening of the parliamentary democracy as a whole.

The Parliamentary Institute is a new body introduced in the Macedonian parliamentary system, a body whose sole purpose is the strengthening of the capacity of the Parliament and the MPs, as well as the entire parliamentary administration. It represents an independent analytical and research office whose objective is to provide reliable analyses, carry out comparative European research, establish a data base, organize educational training for members of Parliament and the administration, etc.

In regard to parliamentary democracy, it could be said that we have just emerged from the stage of childhood, but regardless of the fact that now we have come of age, we are still occasionally prone to children's diseases. Nevertheless, we are encouraged by the fact that we are moving forward in the building of a modern parliamentary democracy, a fact which, at the same time, makes us as members of parliament even more responsible.



# УЛОГАТА НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО ЛАТВИЈА И МАКЕДОНИЈА

—

автор: **Андреас Клајн**

Според филозофот Ернест Гелнер граѓанското општество претставува противтежа наспроти државата и пазарот. Граѓанското општество не ја попречува државата да ја заземе улогата на суверен чувар на мирот и власт што го одржува редот, туку и истовремено го штити општеството од доминацијата на државата. Истовремено, граѓанското општество ја спречува атомизацијата на општеството преку пазарните сили и доминацијата на изолирани поединечни интереси.

Едноставно кажано, доминантното толкување на граѓанското општество претставува еден вид компромис помеѓу англосаксонската ориентација кон пазарот и континенталната ориентација кон државата. Граѓанското општество се смета за „тампон-зона“ помеѓу државата и пазарот, како општествен сектор кој е доволно моќен да ги балансира двата сектора и да ги држи под контрола и со тоа да ја спречи нивната доминација.

Без демократија не може да се развива ниту едно граѓанско општество и без граѓанско општество не може да се развие демократија. Граѓанското општество служи како „куче чувар“ за контрола на јавната администрација, за социјалната и економската нееднаквост да не доведе до нееднаков третман во демократијата. Оттаму произлегува и улогата на граѓанското општество како гласноговорник, особено за оние теми и групи

кои од различни причини не можат самите да ги бранат своите права (децата, лицата со инвалидност, животната средина итн.).

Едни од централните елементи на граѓанското општество се формалните и неформалните социјални мрежи. Културата на соработка претставува суштински предуслов на граѓанските општества и придонесува за функционирање на демократијата. Притоа, невладините организации (НВО) играат важна улога за учеството на граѓаните во политичките процеси. Покрај политичките партии, токму НВО се оние кои можат да влијаат врз политичките одлуки преку нивното учество во јавните дебати.

Додека во западноевропските, нордиските и англосаксонските земји се разви активно граѓанско општество низ последните децении, развојот во поранешните социјалистички земји на Средна и Источна Европа е сè уште недоволен. Како пример за ова може да се наведе развојот на Летонија и Македонија.

## РАЗВОЈОТ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО ЛЕТОНИЈА

Во Летонија има околу 7.000 НВО, кои придонесуваат за развојот на граѓанското општество на различни нивоа и со различен интензитет. Улогата на НВО како гласноговорник на групи на интересенти, како образовни институции, како понудувачи на услуги и како учесници во политичките процеси на одлучување е признаена од државните институции и од владата, како на општинско така и на национално ниво. Општото опкружување за развојот на НВО во Летонија, законодавството како и можностите за артикулирање и обликување, генерално, можат да се оценат како позитивни. НВО општо земено имаат добар јавен имиџ. Медиумите главно ги сметаат активистите од НВО за значителни и независни извори, чија експертиза многу често се користи.

Сепак граѓанското општество во Летонија се среќава со низа предизвици и пречки. Најпрво, и покрај релативно високиот број на НВО и обемот на опфатените теми, помалку од половина од населението се ангажира во овие организации.

Според едно истражување од институтот за анкети СКДС, во 2002 година 40% од испитаниците беа вклучени во активностите на НВО (унии, спортски здруженија, здруженија за недвижнини, клубови за рекреации и др.). Само 1% од испитаниците се декларираа дека се членови на некоја политичка партија. Оттогаш бројките не би требало значително да се променети.

Вториот и потежок проблем за летонските НВО е недостатокот на одржлива финансиска поддршка. Откако Летонија влезе во ЕУ нагло се намали поддршката на летонските НВО од страна на странските партнерски организации. На летонските организации им е наложено да наоѓаат нови финансиски извори. Откако летонската држава извесно време релативно дарежливо го поддржуваше развојот на организациите на граѓанското општество, овој извор пресуши откако од 2008 светската економска и финансиска криза посебно тешко ја погоди Летонија. Можната компензација

преку европските фондови до сега не успеа заради недостаток на капацитети на многу летонски НВО. Со тоа е опфатен и третиот проблем: недостаток на квалификација и ресурси. Сè уште постои голема нееднаквост во капацитетот и пристапот до ресурсите помеѓу големите, а со тоа и силните, НВО во споредба со помалите или новоосnованите организации. И овде економската криза придонесе за исчезнување на цела редица на НВО, бидејќи не беа во можност да се борат против другите организации во борбата при распределување на ресурси и квалификацијата не беше доволна за да земат учество на европските тендери.

## РАЗВОЈОТ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА

Сличен развој како и во Летонија може да се констатира и во Република Македонија од постигнувањето на нејзината независност во 1991 година. Според едно истражување на МЦМС,[1] во 2003 во Македонија биле регистрирани околу 5800 НВО. Додека централната цел на летонските НВО беше зачувување и одржување на националниот идентитет со децении за време на туѓите доминации од 1940 (до 1991 год.), многу НВО во Македонија се наоѓаат под влијание на многубројните балкански војни од 20-тиот век, па сè до недамнешната македонска криза во 2001 година. Така, во Македонија, покрај фондациските активности поврзани со националниот идентитет, на главните теми на граѓанско-општествените ангажмани на многу НВО припаѓаат и мировната работа и интеркултурниот дијалог.

Интеграцијата на Македонија во ЕУ во изминатата деценија претставува најважен предизвик во политиката и општеството на земјата. Генерално земено, постои непартиски и општествен консензус дека сè друго ѝ е подредено на оваа цел. Европските вредности во меѓувреме станаа општествен „mainstream“. Од декември 2005, Република Македонија и официјално е кандидат за прием во ЕУ. Како што покажуваат примерите од другите поранешни социјалистички држави од Централна и Источна Европа, процесот на интеграција ќе биде силен мотив за развој на граѓанското општество. Уште во периодот пред добивањето на кандидатски статус многубројни НВО се заложија за прифаќање на европските вредности во општеството како и за проширување на познавањата за функцијата и работата на европските институции – ова преку посебна соработка со македонската Влада преку Агенцијата за европска интеграција.

Искуствата од изминатите 5 години покажаа дека НВО претставуваат важни носители и комуникатори на европските вредности какви што се партиципативната демократија, еднаквоста, транспарентноста и одговорноста во општеството. Овие вредности продолжуваат да нудат алтернатива на

[1] Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во 2005 година приложи опширна студија за развојот на граѓанското општество во Македонија за ЦИВИЦУС Индекс за граѓанско општество.

некои социјалистички административни структури, но исто така и за Балканот одредени типични хиерархиско-авторитетни структури во општеството.

## ДЕЗИНТЕГРАЦИЈА НА ОПШТЕСТВОТО: ЛЕТОНИЈА И МАКЕДОНИЈА – СПОРЕДБА

Интересно е што има некои паралели помеѓу балканската држава со своите 2 милиони жители и социјалистичко – југословенско минато и земјата во срцето на Балтикот со 2,2 милиони жители и период на комунистичко-советска окупација од скоро педесет години.

Во двете земји живеат етнички малцинства што не смеат да се пренебрегнат. Додека во Македонија околу 25% од населението се со албанско потекло,[2] во Летонија живее голем дел на руско малцинство (29 проценти).[3] Двете малцинства – Албанци и Руси – се разликуваат од мнозинствата (Македонци и Летонци) по јазикот, писмото, религијата и културните обичаи и се чувствуваат како да не се доволно претставени од политиката, ниту доволно интегрирани во општеството. Интеграцијата на двете малцински групи е отежната со постоење на „татковина“ во соседната земја, каде што Албанците, односно Русите го сочинуваат мнозинското општество. Особено Русија се обидува преку медиумите на руски јазик да делува со својата надворешна политика, како и со својата економска политика врз малата поранешна советска Република Летонија. (Muiznieks, Nils: Manufacturing enemy images? Russian media portrayal of Latvia, Riga 2008). Додека Албанија во голема мера делува прагматски, повлечено во контакт со македонскиот сосед, групациите од Косово, кое е главно населено од Албанци, делуваат опасно дестабилизирачки за Македонија, каков што беше случај во македонската криза во 2001 година, како и при други помали инциденти во најблиското минато во граничниот регион.

Интеграцијата на значителното малцинство во државата и општеството претставува суштински предизвик не само за политиката, туку и за граѓанското општество на двете земји. Додека во Летонија уште од самиот почеток при повторното воспоставување на својата независност во 1991 година не постоеше сомнеж за народот на државата и службениот јазик („The sovereign power of the State of Latvia is vested in the people of Latvia“;[4] “The Latvian language is the official language in the Republic of Latvia“. [...]),[5] Македонија беше принудена под значителен надворешен притисок да го модифицира Уставот, кој од самиот почеток веќе беше либерален и интегративен. Особено член 7 претрпе крупни промени во однос на службениот јазик (јазици) под притисок на македонската криза како и на Охридскиот рамковен договор.

[2] Попис од 2002 година.

[3] Попис од 2003 година.

[4] Устав на Република Летонија, поглавје I.2.

[5] Устав на Република Летонија, поглавје I.4.

За жал, до сега ниедна од двете измени на уставот не доведе до конечна интеграција на водечкото малцинство. Во Летонија до 2008 постоеше Министерство за (социјална) интеграција. Од самите почетоци, јасната цел на секоја летонска Влада беше да достигне интеграција на малцинствата преку задоволителни јазични познавања на јазикот на мнозинството. Сепак, независната Летонија (за разлика од политиката во периодот на советската окупација) стави посебен акцент на одржување на културниот и јазичниот идентитет на своите малцинства – покрај Русите, исто така и на Полјаците, Украинците, Литванците, Естонците, Евреите и Ромите.

Со поддршката на општините како и на министерството за образование беа формирани училишта на малцинствата, односно класови за етнички групи, кои нудеа комбинација од образование на сопствениот јазик и одржување на културата со образовни единици на летонски јазик. До 2006 година училишниот систем во Латвија беше преструктуриран во сите степени на наставата до 12 одделение во моделот 60/40. Од тогаш во училиштата со малцинско население 60% од наставата се одржува на летонски јазик, односно двојазично, додека 40% од наставата се одржува на соодветниот малцински јазик. И покрај континуираната критика од страна на делови на руско јазичното малцинство и недостигот на јазична квалификација во наставничкиот персонал, особено во руралните области, летонската Влада цврсто се држи до својата цел, да развие интегрирано општество со богата културна и јазична разновидност, во кое сите подеднакво ќе можат да партиципираат.

На почетокот основана како „национална држава на македонскиот народ“,[6] Македонија со Охридскиот рамковен договор беше обврзана да го прошири Уставот уште во преамбулата со малцинствата „Албанци, Турци, Власи, Роми и други националности кои живеат на територијата на Република Македонија“. Со тоа се истакна мултикултурниот и мултиетничкиот карактер на земјата, но сепак постои сомнеж дали овој дел реално придонесува за интеграција на различните групи население. Освен тоа, речиси контрапродуктивни за интегративниот процес на малцинските групи се и измените на член 7 од македонскиот Устав како и член 6 од Охридскиот рамковен договор од 2001, со кои се воспостави квази двојазичност на национално ниво и во многу делови од земјата на регионално ниво.

Развојот во образовниот систем го отсликува генералниот тренд на етничката сегрегација во Македонија во просторна и јазична смисла. Од 2001 година во многу училишта учениците се поделени во различни смени според своето етничко потекло со цел да се избегнат конфликтни ситуации. Етничката поделба може да се забележи од родителските совети па сè до министерствата. Недоволната комуникација во министерството за образование и нетранспарентно донесување на одлуки е секојдневие. Освен тоа, посебно на припадниците на албанското малцинство им недостасува поттик да го учат македонскиот јазик. Од друга страна, пак, досега има многу малку Македонци

[6] Преамбула на Уставот на Република Македонија од 1991.

кои го владеат албанскиот јазик. Итно е неопходен обостран контакт и интерес за учењето на јазикот и културата на другата страна за да се спречи понатамошно ширење на јазот.

Маргинализирањето на помалите малцински групи иницирано од Рамковниот договор се пробива сè до образовниот процес. По реформите во наставните планови и реформата на учебниците за предметот историја, ситуацијата на албанското малцинство се подобри, но потребите на другите малцинства сè повеќе се занемаруваат. Освен ова, етнички ориентираниот пристап кон предметот и понатаму останува проблематичен. На учениците сè повеќе им се пренесува дека етничките групи во Македонија не живееле една со друга туку една покрај друга. Пренесувањето на позитивните карактеристики на сите нации во овој контекст нема да ја исполни целта на меѓуетничкото разбирање. Поради тоа летонскиот пристап 60/40 или, пак, германско-францускиот модел на заедничкиот учебник по историја, односно раната јазична настава во германско-францускиот граничен регион би можеле да бидат примери за македонскиот образовен систем. Што говори против наставата по албански јазик за македонските ученици уште во 5-то и 6-о одделение? Наспроти тоа македонскиот јазик треба да е задолжителен за сите уште од прво одделение.

## ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО КЛУЧ ЗА ИНТЕГРАЦИЈАТА

Образованието, како и досега, останува клучно решение за сеопфатна интеграција на сите групи на населението и со тоа придонесува за подобра внатрешна кохезија на општеството. Една мешавина од унапредување на способностите и зголемување на очекувањата од секоја индивидуа во општеството претставува пристап кој ветува успех на долгорочно ниво. Ова го покажуваат и искуствата во Германија, Франција и други западноевропски земји, во кои, од една страна, доселениците се стимулираат и унапредуваат преку специјални образовни програми, а, од друга страна, пак, постои јасно декларирање за „водечката“ култура на мнозинството.

Ова излагање е пред сè насочено кон политиката. Покрај политиката, исто така и организациите на граѓанското општество имаат водечка улога при надминувањето на општествените несогласувања. НВО со своите мерки во областа на образованието и социјалниот ангажман како и во културата, спортот и слободното време придонесуваат да се зголеми довербата и да се намали сомнежот. Во општествата во Европа, кои сè повеќе стануваат мултикултурни и мултиетнички, и понатаму примарна задача на политиката и граѓанското општество останува да биде нивното залагање за поднослив и мирен соживот на сите луѓе и национални групи за европскиот дом да го направат погоден за живеење.

**ABSTRACT**

Democracy cannot develop without a civil society and civil society cannot emerge without democracy. The civil society serves as a "watchdog" to control the public administration in order to prevent the development of social, economic and political injustice. Thus, civil society functions as a voice for those particular issues and groups that are not able to stand up for themselves. While in Western European, Nordic and Anglo-Saxon countries active civil societies have emerged over the decades, in this respect the development in the former Socialist countries of Central and Eastern Europe is still lagging behind. The article describes the development of the young democracies in Latvia and Macedonia with a special emphasis on the role of ethnic minorities in the development of a (civil) society.



# ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО – ТЕМЕЛНА ВРЕДНОСТ НА УСТАВНИОТ ПОРЕДОК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

—

автор: **Трендафил Ивановски**

1. Владеењето на правото е основен принцип и темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија гарантиран со постојниот Устав на Република Македонија од 1991 година. Овој принцип, а посебно неговото остварување во реалниот живот, е основа за постоењето и функционирањето на секоја демократска и правна држава. Во основата на принципот на владеењето на правото лежи идејата за ограничување на државната власт и нејзино подведување во рамките на правото, односно општите норми кои се задолжителни за сите, какви што се Уставот и законите. Уставот е основната матрица на правната држава и највисока правна норма со која се утврдуваат основните принципи врз коишто почива секое демократско општество – човековите слободи и права, владеењето на правото, поделбата на власта, политичкиот плурализам. Само со почитувањето на овие основни принципи во практиката, односно преку остварувањето на Уставот и контролата над неговото спроведување, Уставот ја добива својата смисла и станува вистинска брана од арбитрарност и самоволие. Со почитувањето на Уставот се обезбедува правна сигурност, стабилност на системот и се гради доверба во државата.

2. Гаранција за остварување на овие принципи претставува уставното судство, односно уставно-судската заштита. Основни детерминанти што влијаат на остварувањето на уставно-судската заштита во Република Македонија се токму условите во кои се остварува принципот на владеењето на правото и на функционирањето на правната држава, а тоа се мошне тешкиот и долг транзитивен период со сè уште незавршен период на сопственичка трансформација, застојот во остварувањето на покоренити реформи и слабостите во функционирањето на институциите на системот, голем степен на партизација во бројни сфери на општествениот живот, отсуство на дијалог за основните вредности, присутен криминал и корупција, нестабилноста како во државата така и во нејзиното опкружување и пошироко, како одлика во еден долг период по 90-тите години, потоа судирот на нормативното и реалното и сл. Сите овие фактори – како структурни проблеми за остварување на уставноста и манифестирани слабости што можат да го загрозат нормативно-правниот и општествениот поредок воопшто, се усложнуваат уште повеќе во услови на недоволна економска развиеност, висока стапка на невработеност и низок животен стандард, карактеристични за Република Македонија. Уставот, во такви услови, во добар дел е резултат на желбите за изградба на општество по моделот на западната демократија, но средствата за тоа се мошне лимитирани, така што уставите во добар дел се само програмски очекувања, а во помал дел реално остварливи документи. Во такви услови, нормално се појавуваат и проблеми со уставноста и со нејзината заштита, како и со остварувањето на принципот на владеењето на правото.

3. Гледано низ призмата на односите на различните носители на власта во системот на организацијата на државната власт, Уставниот суд според својата уставна положба не спаѓа во системот на организацијата на државната власт, туку е посебен уставен орган со положба, состав, организација и надлежности конкретно утврдени со самиот Устав. Тој организационо и функционално не произлегува од законодавниот орган ниту, пак, е одговорен пред него. Заштитата на уставноста и законитоста е надвор од функциите на власта и е посебна и независна, поради што нејзиното вршење излегува надвор од секој облик на остварување на меѓусебните односи на законодавната и извршната власт. Според тоа, Уставниот суд е еден од факторите во остварувањето на Уставот, а со тоа и на остварувањето на односите што со Уставот се утврдени како содржина на организацијата на власта. Овој орган, како и сите други уставни органи, е институција на Уставот која основата и границата на вршењето на својата функција ја црпи единствено од Уставот и е во функција на неговото остварување. Таквата положба на Уставниот суд едновремено му обезбедува гаранција дека условите за остварување на неговата функција однапред се заштитени од нивното менување од страна на актуелните носители на политичката власт заради прилагодување на оваа функција на дневните политички потреби и интереси. Со нивното уставно дефинирање се обезбедува

релативна трајност на овие услови, во границите на трајноста на Уставот, како највисок правен акт на земјата.

4. Уставниот суд на Република Македонија во остварувањето на уставно-судската заштита, во периодот од донесувањето на Уставот на Република Македонија од 1991 година, во голема мерка придонесува во афирмирањето и остварувањето на фундаменталните принципи на кои почива уставниот поредок на Република Македонија.

Уставниот суд, годишно во просек постапува по околу 250 предмети, при што апстрактната контрола на уставноста и законитоста е доминантна и му дава печат на целокупното работење на Уставниот суд. Во рамките на оваа надлежност, Судот годишно одлучува за согласноста на околу 100 закони или нивни одредби со одредбите на Уставот; одлучува за согласноста на околу 80 подзаконски прописи на органите на извршната власт и на единиците на локалната самоуправа со одредбите на Уставот и законите и разгледува по десетина прашања со кои се бара заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот.

Преку традиционалната форма на *actio popularis,* апстрактната контрола се јавува како прашање од јавен интерес, иако најчесто во овие иницијативи е содржан вистински индивидуален интерес на граѓаните или на други субјекти. На тој начин, апстрактната контрола претставува средство за остварување индиректна заштита на човековите слободи и права што ја компензира ограничената надлежност на Судот во остварувањето на оваа заштита на непосреден начин.[1]

Во структурата на оспорените акти, законите или одделни нивни одредби учествуваат со над 40% од вкупниот број оспорени акти на годишно ниво. Тоа значи дека оценувањето на уставноста на законите зазема едно од централните места во работата на Судот, што ги определува и ефектите од неговите одлуки врз правниот систем на Републиката.

5. Една обопштена анализа на работата на Уставниот суд на Република Македонија во последните 10 години (2000–2009), покажува дека бројот на примени предмети од година во година континуирано расте, а постојано расте и бројот на оспорени закони, што секако за последица има зголемен број интервентни одлуки на Судот, односно одлуки со кои Судот укинува или поништува противуставни и противзаконити прописи и нивни одредби. За илустрација, на пример, такви интервентни одлуки во 2000 година биле 40 од кои закони 13, во 2005 година биле 33 од кои закони 16, во 2007 година 63 од кои закони 43, веќе во 2008 година се завршени со одлука 70 од кои 40 се закони. Во последната 2009 година интервентните одлуки се 58, од кои над 44 се закони или нивни одредби.

---

[1] Според член 110 алинеја 3 од Уставот, Уставниот суд ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Од аспект на *locus standi*, широката можност за *actio popularis* придонесува во најголемиот број случаи како иницијатори пред Судот да се јават граѓаните, а во мал број случаи државните органи или други правни лица. Досега сосема е скромно редовните судови да се јават како иницијатори на уставно-судската контрола во т.н. конкретна или инцидентна форма (преку претходно прашање за уставноста), додека Судот ретко ја користи можноста за поведување постапка по сопствена иницијатива.

Значајни за одбележување се одлуките на Судот со кои тој придонел кон создавање и одржување на правните претпоставки за остварување на уставната гаранција за еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите, почитувајќи ја забраната за дискриминација по кој било основ. Со интервенција на Судот во закони и подзаконски акти од соодветната област, принципот на еднаквост и рамноправност без оглед на полот, општествената и социјалната положба е обезбеден и потврден во сферата на работното законодавство, пензиското и инвалидското осигурување, правата и обврските кои произлегуваат од работниот однос.

Од уставно загарантираните слободи и права на човекот кои Уставниот суд ги афирмирал во својата уставно-судска практика заслужуваат да се споменат слободата на човекот, слободата на вероисповест, сигурноста и тајноста на личните податоци, правото на жалба, правото на образование, правото на сопственост, слободата на здружувањето, избирачкото право, правото на здравствена заштита и правата од социјалната сфера како и други права.

6. Што се однесува конкретно до принципот на владеењето на правото, Уставниот суд на Република Македонија има богата уставно-судска практика со која дал целосна афирмација на овој принцип, преку интерпретација на уставната одредба според која владеењето на правото е темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија. Така, на пример, Уставниот суд, поаѓајќи од тоа дека принципот на владеењето на правото во себе го содржи барањето за прецизност и јасност на правните норми кои овозможуваат предвидливост на однесувањето на граѓаните, во многу случаи наоѓал повреда на овој принцип кога правните правила биле нејасни, непрецизни и недоречени и како такви оставале простор за различно толкување и арбитрарна примена во практиката, како и во случаите на ретроактивно дејство на законите кое било на штета на граѓаните. Уставниот суд, понатаму, наоѓал повреда на принципот на владеењето на правото кога правата и обврските на граѓаните, односно условите за остварување на определени права на граѓаните биле регулирани со подзаконски акт, а не со закон, како и кога со исправки се менувал текст на закон, или пак кога во законските текстови, законодавецот повторно внесувал одредби што Уставниот суд веќе ги прогласил за противуставни и ги укинал.

Заклучоците што произлегуваат од наведените примери, се разновидни и многубројни и тие во основа упатуваат на определени слабости во процесот на изготвувањето на законите, што за последица ја има потребата од често

јавување на Уставниот суд во заштитата на уставноста и законитоста, отстранувајќи бројни норми од правниот поредок со кои се крши Уставот.

Отсуството на сериозна анализа при подготвувањето на законските текстови, честите и брзи измени, појави преку исправки да се вршат измени на законите, присутниот паралелизам во уредувањето на односите во различни закони на различен начин за ист однос, се само дел од слабостите. Сето тоа укажува дека донесувачите на прописите немаат изграден конзистентен номотехнички приод во подготовката на прописите, поради што се јавуваат бројни слабости, кои продуцираат кршења на Уставот и на законите. Заради надминување на овие слабости, чести биле укажувањата на потребата од сериозна грижа за оспособување на номотехнички кадар, кој не се создава за време на еден мандатен состав на органите што ги донесуваат прописите, туку на еден траен и конзистентен начин. Потребно е, исто така, да се обезбеди систематско и аналитичко следење на судската практика на Уставниот суд од страна на изготвувачите на законите во министерствата, односно Владата и надлежните комисии на Собранието на Република Македонија, како и ефикасно спроведување на неговите одлуки.

7. Уставниот суд обезбедува редовни и навремени информации до јавноста за својата работа, како преку својата веб страница така и преку соопштенија за јавноста и прес конференции. Транспарентноста во работењето на Уставниот суд и особено отвореноста кон јавноста и кон граѓаните преку можноста секој граѓанин да се обрати до Уставниот суд со поднесување на иницијатива за оценување на уставноста и законитоста се значаен фактор за ефикасно остварување на надлежноста на Уставниот суд како чувар на Уставот. Отвореноста и транспарентноста на работата на Уставниот суд значи и отвореност за судот на јавноста, односно можност јавноста да ги искажува своето мислење и коментарите за одлуките на Судот. При тоа, се разбира, одлуките на Уставниот суд, кои се конечни и извршни според Уставот, треба да се коментираат со правни аргументи, а не со политички изјави кои имаат за цел да ги дискредитираат како одлуките така и Уставниот суд како институција или одделни негови членови и не се ништо друго туку притисок врз Уставниот суд со цел да се измести неговата улога.

Самостојната и независна позиција и улога на Судот гарантирана со Уставот, во принцип не признава притисок. Меѓутоа, во реалноста тој постоел и постои. Проблем е доколку Судот во своето работење потпадне на таквиот притисок.

Оттука, зачувувањето на уставно загарантираната независност на Уставниот суд е еден од најзначајните предизвици пред кои е исправен Уставниот суд во овој актуелен момент од неговото постоење. Потребата од нагласена самостојност и независност на Уставниот суд, како и сѐ понагласената потреба од голема професионалност, чесност и одговорност на судиите од овој Суд, се прашања кои заслужуваат особен интерес. Тешко на таква држава ако има непрофесионален, неодговорен, исплашен и послушен Уставен суд – кој не ја врши својата уставна функција. Уставниот суд е тој кој ќе одлучи дали една

оспорена одредба е уставна или неуставна. Доколку таквата одлука се допушти да ја преземат политичките партии или нивните гласноговорници – тогаш нема никаква, а не само правна држава.

8. Обезбедувајќи ја суprematијата на Уставот, Судот настојува да придонесе во создавањето единствен, кохерентен и конзистентен уставно-правен систем. На тој начин, преку неговата работа се создаваат реални претпоставки Уставот да се почувствува непосредно во практичната примена во сите полиња на општествениот живот. Преку отстранувањето на нормативните акти со кои се повредуваат човековите слободи и права, Судот настојува да придонесе универзалните вредности на правната, демократска, граѓанска и социјална држава да станат реалност и составен дел на секојдневното живеење на граѓаните.

Уставната положба на Уставниот суд му обезбедува во вршењето на својата уставносудска функција да се дистанцира од секаков политички авторитет, особено од оној што моментално е на власт и континуирано и доследно да ги врши работите од својата надлежност независно од промените што настануваат кај непосредните носители на власта. Без оглед на интензитетот и обемот на остварувањето на своите функции, Уставниот суд е константно активен во обезбедувањето на заштитата на уставноста и законитоста. Со тоа, тој орган постанува гарант за остварувањето на владеењето на правото и реален општествен фактор во остварувањето на Уставот и отстранување на арбитрарноста и произволноста во толкувањето, остварувањето и спроведувањето на Уставот и законите.

Уставниот суд вршејќи ги работите од својата надлежност, сè повеќе станува општествен фактор кој, почитувајќи го принципот на поделбата на власта, ги зацврстува односите помеѓу нивните носители, афирмирајќи ја нивната посебна положба и подигнувајќи ја довербата на граѓаните во уставноста и законитоста како битни компоненти на севкупното уредување на земјата.

## ЗАКЛУЧОК

Владеењето на правото како фундаментална претпоставка за секоја демократска правна држава е основна темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија. Овој принцип, настанат во 19 век, со основна цел да се подреди извршната власт на законодавната, постанува мерило за почитување на законите и прописите кои се во сила од страна на сите органи на државната власт.

Основните слободи и права на човекот и граѓанинот, признати во меѓународното право и утврдени со Уставот; поделбата на државна власт на законодавна, извршна и судска; политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори; гаранцијата на сопственоста и слободата на пазарот; почитувањето на општо прифатените норми на меѓународно право, се основни елементи и претпоставки за Република Македонија како правна држава

и за владеењето на правото во неа. Содржината на владеењето на правото, како цел, заштитувана со реалното остварување на уставноста и законитоста се збогатува со реалното постоење на независност на судството, конзистентно законодавство со јасни и прецизни одредби, гаранција и ефикасна заштита на слободите и правата, забрана на ретроактивна промена на законите, како и создавање на услови за економски развој и борба против корупцијата и организираниот криминал.

Остварувањето на горните цели на владеењето на правото, не само како општ уставен принцип и темелна вредност на уставниот поредок туку и како реален општествен однос, претставува една од најбитните европски системски вредности како политички идентитет на тој систем, кон кој цели и Република Македонија.

**ABSTRACT**

The rule of law is an elementary precondition and the basic fundamental value of the constitutional order of the Republic of Macedonia. This principle that originates from the 19th century with its main objective to subordinate the executive power to the legislative, became an indicator of the level of respect of the effective laws and regulations by all the government institutions.

The fundamental human and civil rights and freedoms recognised by the international law and established with the Constitution, the division of the state power into legislative, executive and judicial, political pluralism and free direct and democratic elections, guarantees of property and a free market, respect of the generally accepted norms of the international law are the fundamental elements and premises of the Republic of Macedonia as a rule of law state. The content of the rule of law as an objective protected by a real achievement of constitutionality and legality is enhanced with the existence of real independence of the judiciary, consistent legislation with clear and precise provisions, guarantees and efficient protection of the rights and freedoms, prohibition of retroactive changes in laws, as well as with the creation of conditions for economic development and fight against corruption and organised crime.

Achieving the abovementioned objectives of the rule of law not only as a general constitutional principle and fundamental value of the constitutional order, but also as a real social attitude is one of the most important European systematic values as a political identity of that system toward which the Republic of Macedonia is striving.



# МЕДИУМИТЕ – РОБОВИ НА СОПСТВЕНАТА НЕСЛОБОДА

—

автор: **Сашо Кокаланов**

На улогата на медиумите во граѓанизацијата на македонското општеството од плурализмот наваму, како и на повеќето работи во демократската стварност кои не се ни бели ни црни, може да се гледа на два начина: како на полуполна или како на полупразна чаша. Ако резултатите се вреднуваат од аспект на тоа колку медиумите успеале да бидат иницијален инструмент за создавање некаква елементарна демократска јавност, може да се каже дека тие помогнаа да се поставaт темелите на повеќе демократски институти, пред сѐ на еден релативно критички настроен граѓанин со развиен основен сенс за сопственото место во општеството, за своите права и обврски. И во економската и во политичката сфера, донекаде и во сферата на културата, медиумите помогнаа да се евидентираат, перципираат, во некои случаи и да се санкционираат одредени „криви правци“, да се менуваат одредени состојби или, во крајна инстанца, да се менуваат делумно или целосно политички елити. Така погледнато, тие остварија некаков плурализам во општеството и создадоа терен за судир на аргументи, ставови, мислења, концепции, идеологии, што секако е еден од основните предуслови за функционална граѓанска демократија. Во однос на цивилниот сектор, повеќе би можело да се каже дека граѓанските организации го помогнаа развојот на медиумите отколку спротивното, но, како и да е, не може да се негира постоење на случаи во кои може да се забележи симбиоза на овие два сектора, односно на поединечни субјекти од овие два сектора, заради своевиден заеднички настап во интерес на граѓаните. Значи, ако некој има афирмативна тенденција, може

да најде доволно аргументирани тези во прилог на поентата дека медиумите одиграа и сѐ уште играат позитивна улога во развојот на демократијата и на граѓанското општество.

Од друга страна, можеме да се запрашаме дали сме задоволни од степенот на демократијата во државата и дали граѓанинот во медиумите има свој „куче-чувар" на основните вредности во заедницата. Без двоумење ќе си одговориме негативно. Македонската демократија во повеќе сегменти заостанува зад некои други демократии кои заедно со нашата ги направија првите бебешки чекори, а сега се отидени многу подалеку од нас. Медиумите имаат одговорност за тоа, зашто очигледно не направиле доволно за себе, за демосот, за општеството и за државата. Тие не може да се изземат од негативните резултати на целото општество, особено што една внимателна анализа ќе уочи дека во некои случаи дејствувале ретроградно и деструктивно или, пак, заштитнички кон центрите на моќ што ги загрозувале демократските вредности, интересите на граѓаните или работеле спротивно на општото добро. Исто така, медиумите не одиграле доволно силно во креирањето на повисока свест кај граѓаните за нивната реална моќ, или уште полошо – се појавиле како манипулаторска компонента, а манипулацијата со граѓаните е најопасниот канцер за демократското ткиво на една земја.

Имајќи ги предвид двата воведни пасуса во ова размислување за улогата на медиумите во македонското граѓанско општество, пред авторот се исправаат два алтернативни пристапа во анализата: афирмативен и критички. Јас (како и секогаш) се определувам за критичкиот осврт зашто верувам дека секоја критика води кон прогрес. Тоа е, ако сакате, и прашање на философија или на стил во новинарската професија, а критичкиот поглед на нештата што го опкружуваат е едно од основните професионални барања на оној журнализам што сака да почива на стандарди и единствено ним да им се покорува. Во случајов, бидејќи и самиот сум новинар, и тоа на една од најодговорните функции на медиумската сцена во Македонија со оглед на тоа што предводам редакција која е креатор на јавното мислење, овој пристап ќе биде самокритички и ќе си постави за главна задача да нотира три големи цели кои медиумите не успеаја да ги остварат во делот на граѓанското општество.

## 1. ОСЛОБОДИ СЕ ЗА ДА ОСЛОБОДУВАШ

За да можеш некого да ослободиш, треба најнапред себеси да се ослободиш. Тоа важи дури и кога се зборува за физичко, материјално попречување на слободата, но пред сѐ важи за нематеријалното, ментално загрозување на најосновната човекова потреба – слободата. Борбата за слобода прво се случува во главите на луѓето, а потоа надвор од нив.

Дали медиумите самите се доволно слободни за да може да се поставаат во функција на граѓанските слободи? Ни оддалеку! Дозволете да наведам неколку

причини зошто сметам дека медиумите денес не го поседуваат неопходниот капацитет за да бидат гарант за слободата на граѓаните.

Прво, тие не поседуваат економска слобода. Секогаш кога односите медиуми – центри на моќ во една држава се односни на еднонасочна егзистенцијална зависност, новинарството не е во состојба да ги исполнува своите најважни функции. Во Македонија дефинитивно е така. Таа зависност кај нас се состои од два поголеми проблема – малиот пазар и лошата економска состојба, од една страна, и неекономските интереси на сопственичката структура, од друга страна. Притоа, првиот проблем може да го наречеме објективен, а вториот субјективен, иако тоа не е најпрецизно. Еве и зошто. Малиот пазар и слабата економија може да се прифатат како објективни околности, но политиката на зголемување на бројот на медиумите (пред сè во радиодифузијата каде што има некаква регулатива и контрола) е смислен чин да се расцепка и така малиот колач на што поситни делови за да се одржуваат медиумите на работ на егзистенцијата и да бидат лесен плен за манипулација и контрола од центрите на моќ, и тоа најчесто од политичките. Ако на тоа се додаде и глобалната криза на медиумскиот бизнис, особено на печатот поради појавата на новите медиуми и генералното неснаоѓање на новинарството во дигиталните комуникации, сликата е уште покомплетна. Што се однесува до сопственичката структура, пак, тука ограничувањата на медиумската слобода не се толку латентни, напротив, тие се до таа мерка очигледни што јавноста ги прифаќа како уште еден објективен факт со кој треба да научи да живее. Не се почитуваат или се изигруваат со евтини финти основните прописи, на пример, одредбите кои налагаат сопственикот да не биде претседател на политичка партија. Тоа се толерира со години зашто нема поевтин начин да се контролира уредувачката политика на одредена медиумска куќа. Едноставно, при добивањето на мандатот од граѓаните или по можност уште претходно се пристапува кон коалицирање со медиумските газди. Исто така, државата свесно дозволува нелојална конкуренција на тој начин што толерира неплаќање даноци и кршење на законите само за да придобие одреден медиум. На тој начин самата си пука во нога зашто ги уништува оние кои ревносно плаќаат данок, а таа своите функции ги извршува со парите од даноците. Но, во Македонија никој не сака да размислува на долг рок, и тоа има катастрофални последици за целото општество, а медиумите ги носи во пропаст.

Втората и третата причина за уништениот капацитет на медиумите да се борат за слобода се тесно поврзани меѓу себе: непрофесионалното новинарство и рудиментираниот образовен систем кој создава незнаење, а незнаењето е поголема пречка за слободата и од најбескрупулозниот тиранин. Македонското општество е навистина општество на многу незнаење, произволност и импровизации. Медиумите не само што не се борат против оваа ерозирачка состојба туку и предничат како главни војсководци на незнаењето. Новинарските студии не ја даваат потребната обука и насока како журналистите да се борат за основните демократски вредности. Има

повеќе граѓански организации кои се декларираат дека работат на развојот на медиумите, но тоа е сè уште бледо, несистематско, фасадно генерирање на професионалност во новинарството.

Во вакви услови, кога самоодржливоста на медиумите е кревка и ранлива, клучно за тоа дали тие ќе имаат можност да ги остваруваат своите функции е политичката волја на власта. Оттука, клучното прашање е дали власта ќе ја разбере медиумската слобода на ничеовски или на шопенхауерски начин. Ниче, имено, вели дека медиумите создаваат шум во комуникацијата на генијот со народните маси и дека тие не треба да постојат зашто подобро е генијот директно да комуницира со својот народ. Иако овој мислител притоа мисли на големиот Рихард Вагнер и на неговите композиторски дела (кои народот треба да ги слуша и самиот да расудува за нив, а не да чита критики за нив по медиумите), македонските политички елити ова го имаат вулгаризирано и доведено до тезата дека лидерот (во нашиот политички систем лидер на државата е премиерот) треба сам да си комуницира со народот, а медиумите не треба критички да ја следат неговата работа и на тој начин да им сугерираат на граѓаните како и што да мислат за своите водачи. Дури и многу граѓани влегуваат во замката на едно вакво тврдење, не правејќи разлика меѓу еден уметник кој твори врз база на личната естетика и егзистира на уметничката сцена единствено ако неговата естетика се поклопува со естетиката на публиката и една власт која остварува јавна служба платена од парите на даночните обврзници, односно од граѓаните. Во вториов однос нема естетика, туку единственото прашање е дали политиките се во служба или на штета на граѓаните. Шопенхауерското сфаќање на слободата е апсолутно. Тој верува дека сè што може да влијае на слободното расудување и на слободната човекова волја, па дури и ветувањата а не само заканите, ја ограничува слободата. Пренесено на теренот на медиумите, апсолутната слобода е невозможна, зашто тие секогаш се движат во кругови во кои суптилно се испреплетени и закани и ветувања, но тоа што е возможно е новинарскиот ум секогаш да е насочен кон остварување на шопенхауерската слобода. Ако тоа му е врвната професионална цел, тој станува отпорен на манипулации, што е доволен предуслов за независно новинарство. Велам само предуслов зашто, како што елаборирав во ова поглавје, има барем уште две причини што го ограничуваат капацитетот на медиумите за слободарство и мора да бидат отстранети за да се создадат нормални услови за да функционира оваа основна демократска алатка.

## 2. ШТО ЗНАЧИ СИНТАГМАТА „ПОДОБАР ЖИВОТ“

Една важна општествена цел на новинарската професија е да се бори за подобар, поквалитетен живот на граѓаните. Нема да најдете медиум или новинар кој нема да ви соопшти дека работи токму на остварувањето на таа цел (исто како и политичарите). Тоа што може да ви создаде проблеми е објаснувањето на синтагмата „подобар живот“ во македонски контекст.

Затоа што некои ја разбираат исклучиво егзистенцијално, па во нивното објаснување ќе чуете економски параметри – плата, разумна цена на услугите, работни места, економски развој, подобар стандард... Други имаат емотивни квалификации за синтагмата кои повеќе може да се наречат етички отколку економски: подостоинствен живот, повисоки вредности, подобри односи помеѓу луѓето, мир, соработка, разбирање, толеранција.

Во една нормална држава овие два концепта се компатибилни еден со друг, но во Македонија тие честопати се поставени како алтернати, а некогаш дури и се во конфликт. Тоа создава конфузија кај луѓето, а на медиумите им создава објективни тешкотии во одредувањето на приоритетите. Оваа конфузија потоа се расчленува на многу микропроценки и микроодлуки во уредувачките политики на редакциите кои оддаваат впечаток на недоследност и го уриваат нивниот кредибилитет во очите на граѓаните, зашто граѓаните очекуваат новинарството да им ги разбиструва матните работи а не да создава дополнителни конфузии. Со така ослабен кредибилитет, медиумите тешко воспоставуваат авторитет во општеството и тоа го намалува нивниот капацитет да бидат максимално проактивни во граѓанската сфера. Има и случаи кога медиумите, уплашени од предизвикот да се носат со ваквиот проблем, бегаат од дел од своите обврски кон јавноста и се претвораат во голи реемитери што, според мене, е суицидно за новинарската професија.

### 3. ИМА ЛИ СПАС ОД НАМНОЖЕНИОТ КИЧ

Во последниов дел од моето размислување на темата, сосема накратко ќе се осврнам и на некои естетски критериуми. Ако во претходната точка главно се занимавам со едно етичко прашање, односно со тоа како медиумите оценуваат што е добро за граѓанинот, овде се соочуваме со прашањето – што е убаво за граѓанинот? Без многу елаборации, тоа што сакам да го кажам е дека тука постои дури и уште поголема збунетост отколку по претходното прашање. Причина за тоа е што од одговорот на ова прашање произлегува и една важна новинарска категорија – читаноста (односно слушаноста, гледаноста). Соочени со економските проблеми за кои веќе пишував, но и со медиумската суета која преферира да добие јавност повеќе отколку да биде во функција на јавноста, медиумите драстично пожолтуваат, тривијалните уметности ги поплавуваат вистинските, а со тоа се готви теренот за лажните митологии и за кичот. Се создаваат генерации кои подоцна, дури и ако еден ден медиумите ја заземат „вистинската страна“ ќе бидат изедени токму од чедата што денес сами ги создаваат.

**ABSTRACT**

Are we satisfied with the degree of democracy in our country and do the citizens have the media as the "watchdog" of the basic values of their community? The answer is – no. In a number of segments the Macedonian democracy lags behind certain other democracies which have made their first steps together with us and have now come a much longer way than we have done. The responsibility lies in the media since they have obviously not done enough, neither for themselves, nor for the demos, the society or the state. They cannot be absolved from the negative impact on the entire society, especially since a detailed analysis demonstrates that in certain cases, they have acted in a retrograde and destructive manner or have been protective of the centres of power that have jeopardized democratic values, interests of the citizens or have acted against the common welfare. In addition, the media have not put enough effort in the domain of awareness raising among the citizens compared to their actual power or, even worse, they have acted as a manipulative component ignoring the fact that the manipulation of the citizens is the deadliest type of cancer for the democratic tissue of a country.



# УЛОГАТА НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО – ПРИМЕРОТ НА МАКЕДОНИЈА

—

автор: **Сашо Клековски**

Граѓанското општество, ретко споменуван концепт до своето повторно откривање пред неколку децении, станува реалност и основна категорија и клучна фраза во политичкиот и општествениот живот. Граѓанското општество истовремено е и нејасен и оспоруван концепт, во некои кругови дочекан со цинизам и непријателство. Нејасноста и оспорувaноста може да се препишат и на новоста на концептот и затоа што може да се избере различно класично разбирање на концептот, кое одговара на современите политички или теоретски предубедувања. Улогата на граѓанското општество е одредена од дефиницијата и пристапите. Различните дефиниции и пристапи на глобално ниво се отсликуваат и на примерот на Македонија.

## ЕВОЛУЦИЈА НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Историски, терминот „граѓанско општество“ се појавува во Рим и Грција како „политичко општество“, со значење на општество во кое владеат законите во контраст со насилната природна борба

за опстанок, односно општество владеено од закони. Концептот е целосно заборавен во средниот век, а повторно се враќа на сцена со појавувањето на нацијата во 17 и 18 век, кога клучен концепт за граѓанското општество е христијанската идеја за еднаквост на луѓето. Во „Есеј за историјата на граѓанското општество“, првпат издаден 1767 г., Адам Фергусон сè уште прави разлика меѓу граѓанско општество на една страна и деспотизам и „дивјаштво“ на друга страна. Ова историско наследство, од Рим до Шкотска, е предизвик за современиот концепт на граѓанско општество – како да се зачува конотацијата на ненасилните меѓуодноси засновани на еднакви права, а истовремено да се ослободи од евроцентрични претпоставки за цивилизирани луѓе наспроти „дивјаштво“.

Доколку во Рим и кај Фергусон основата била граѓанско општество наспроти „дивјаштво“, кај Хегел и Алексис де Токвил основата е граѓанско општество наспроти државата. Придонесот на Хегел е во неговото гледање дека граѓанското општество е одвоено од државата. Под влијание на Хегел, Маркс развива негативен став кон граѓанското општество и го изедначува со „буржоаско општество“ и го стеснува само на економски живот заснован на самоинтерес и отуѓување. Алексис де Токвил во своите студии за демократијата во САД говори за „демократски состојки“ од кои за најважна го смета здружувањето. Тој смета дека активното здружување е услов за демократија и слобода.

Придонес на современото разбирање на граѓанското општество дава Антонио Грамши, лидер на италијанските комунисти пред Втората светска војна. Тој во своите „Затворски белешки“ го надградува разбирањето на граѓанското општество како одвоено од државата во граѓанско општество помеѓу државата и пазарот.

## ... И НЕГОВОТО ПОВТОРНОТО ОТКРИВАЊЕ

Иако самиот Грамши е конфузен и контрадикторен, и граѓанското општество не е негова централна тема, неговото разбирање за граѓанското општество како простор на социјална интеракција надвор од државата и пазарот, станува доминантно. Граѓанското општество, заборавено во европските и американските политички размислувања, каде фокусот е на двата сектора – државата и пазарот, доживува повторно откривање од дисидентите кои се борат против авторитарните држави во Централна Европа и Јужна Америка, за кои идејата за граѓанското општество одвоено од државата и пазарот е стратешки важна. Иако општествениот и политички контекст на левите дисиденти во Бразил и Јужна Америка и на антикомунистичките дисиденти во Централна Европа во седумдесеттите и осумдесеттите години од 20 век се разликуваат, и едните и другите имаат неколку заеднички карактеристики. За нив граѓанското општество не е само средство за промена на режимот, туку неопходна состојка на демократијата, контрола на тесно партиските политики

и заштита од идни закани за демократијата. Дисидентите и од двете подрачја се под јако влијание на идејата за човекови права, која во тој период добива големо значење, и за нив индивидуалните човекови права и граѓанското општество се комплементарни.

По Латинска Америка и Централна Европа, идејата за граѓанско општество забрзано се шири, пред сè во прогресивниот и еманципаторски простор оставен по повлекувањето на социјализмот и движењата за национално ослободување. Граѓанското општество добива поддршка во земјите под или кои излегуваат од диктаторство како Јужна Кореја или Јужна Африка, но и во демократски земји како Индија. Во Европа и Северна Америка идејата на граѓанско општество се гледа како можност за ревитализација на демократијата пред заканите за нејзина ерозија предизвикани од апатијата и дезилузијата на електоратот и со левите идеи за држава на благосостојба и со десните идеи за пазарот. На крај, Западот и меѓународните институции го промовираат граѓанското општество како корисно во економските и политичките реформи во земјите во развој и како можност за „фаќање приклучок“ кон Западот. Циничното објаснување за ширењето на терминот во земјите во развој е дека употребата на терминологија на граѓанското општество е добра за обезбедување на финансирање од донаторите.

## ДЕФИНИЦИИ И ПРИСТАПИ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Во дефинирањето на граѓанското општество постојат во основа два пристапи: дескриптивно-аналитичкиот и политичкиот или нормативен.

Во дескриптивно-аналитичкиот пристап, некои автори го употребуваат терминот граѓанско општество како емпириска категорија, често нарекувана „невладини организации – НВО“ или не за профит или волонтерски сектор. Бел и Дан воспоставуваат четири карактеристики за НВО: мора да бидат доброволни, а не основани со закон; тие се независни; не се формирани за лична добивка и не треба да служат самите на себе. Терминот НВО е воспоставен во 1945 година од ООН, за да се направи разлика од меѓувладините организации. Денес, за позитивно именување, сè повеќе се употребуваат термините организација на граѓанското општество или граѓански организации.

Но терминот „граѓанското општество“ може да се употреби и на политички или стратешки начин, за постигнување дефинирано или претпоставено политичко добро. Така, граѓанското општество е повеќе политички проект, простор преку кој се врши влијание врз државата и пазарот. Во нормативниот контекст, за граѓанско општество се сметаат оние чинители кои прифаќаат минимум вредности како ненасилство, толеранција, реципроцитет и почит, односно посветеност на заеднички човечки вредности кои се над етничките, верските или националните граници, до мислења дека граѓанското општество е супериорно во однос на другите типови на владеење. На Запад постои тенденција да се гледа на граѓанското општество на распространување на

тоа што веќе постои на Западот, посебно во САД. Граѓанското општество е политички еквивалент на неолиберализмот, начин на минимизирање на улогата на државата. Меѓу активистите на граѓанското општество не се говори за минимизирање на улогата на државата, туку за зголемена одговорност на политичките институции. Се говори за активни граѓани и самоорганизирање надвор од формалните политички кругови, за радикализација на демократијата и редистрибуција на политичката моќ. Покрај одвоеноста од државата, некои автори се обидуваат да ја вклучат конфронтацијата со државата како разбирање на граѓанското општество, што се смета за несоодветно (Schroeder 2009).

Клучниот проблем на нормативната дефиниција на граѓанското општество е обидот да се ограничи и да се дефинира како „добро нешто“. Здружувањето може да биде за различни цели, од играње фудбал до спречување на дискриминацијата и без разлика на целта здружувањето создава доверба и социјален капитал (Путнам 2000). Плуралните структури на граѓанското општество се најдобро изразени преку почит на мултиплицираност на нормативни начини на животот и нема потреба од таканаречени Апсолутни. Граѓанското општество треба да предупреди против штетите предизвикани од обиди на други да се наметнат одредени норми кои не се нивен избор и мора да брани поголем плурализам (Кеане 2009). Во тој дух е движењето Светски социјален форум, за првпат одржан во 2001 година, Порто Алегре, Бразил, како противтежа на Светскиот економски форум.

Цивикус – глобална организација на граѓанското општество прифаќа сеопфатна дефиниција „дел од општествениот простор надвор од семејството, државата и пазарот, кој е создаден од страна на индивидуални и колективни акции, организации и институции заради постигнување заеднички интереси“. Понатаму се дефинираат два пристапа: општествен (социјален) и политички. Во првиот се вклучени социјално-хуманитарни и развојни организации, како замена на одредени функции на државата, а во вториот се организациите кои се „чувари“ или контролори на државната моќ или бараат редистрибуција на политичката моќ.

## ИДНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ

Покрај прашањето на критиката на нормативниот пристап, тука се обидите за интеграција на трите сектори: државата, пазарот и граѓанското општество. Со модели и пристапи како социјален капитал, јавно-приватно партнерство, социјална економија, општествена одговорност на претпријатијата, професионализација на граѓанското општество, стануваат нејасни границите меѓу трите сектори. Некои автори ја предизвикуваат оваа поделба, бидејќи некогаш е тешко одредени организации да се сместат во една од категориите (Ван Рој, 2004).

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) ја дефинира улогата на граѓанското општество во двигател на промените, во истражување, иновации и развој, кои доколку се покажат како успешни треба да бидат вклучени во главните општествени текови, односно во државата или пазарот.

## ОСНОВНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА

Граѓанското општество во Македонија е релевантен чинител низ историјата, а во две карактеристики се разликува од регионот на Централна и Источна Европа: левата политичка ориентација и јакиот нормативен пристап.

Граѓанското општество во Македонија, иако се поврзува со транзицијата во 1990-тите, има своја улога во историјата на земјата, особено во периодот на националната преродба на крајот на 19 век. Социјалистичката модернизација на земјата (1945-1990 г.) даде основа за појавување на многу културни, спортски, добротворни и професионални организации, иако под контрола на Сојузот на комунистите на Македонија. Развојот на плурализмот кон крајот на 1980-тите, независноста во 1991 година и транзицијата којашто произлезе од неа беа важни поттикнувачи на преродбата на граѓанското општество во Македонија. На почетокот на 1990-тите влегоа странски донатори – прва е фондацијата Сорос (подоцна ФИООМ) во 1992 г. Странските (западни) донатори донесоа и сопствени теми (и ресурси за нив) и влијаеја на „моделирањето“ на македонското граѓанско општество. Но во 2001 г., по донесувањето на Законот за здруженија на граѓани и фондации во 1998 г. и пререгистрацијата, сè уште ќе има помалку регистрирани граѓански организации отколку во 1990 г. поради престанокот на многу организации од социјалистичкиот период (МЦМС 2006).

Граѓанското општество во Македонија по независноста се развиваше како политички лево ориентирано, поради повеќе причини, што го разликува од Централна Европа, во кој граѓанското општество генерално се прероди врз основа на антикомунистички групи на чинители. Една половина организации на граѓанското општество, по независноста, водеа потекло од социјалистичкиот период. Долгата историја на војни во Македонија на почетокот на 20 век, како и војните на просторите на поранешна Југославија на крајот на 20 век, имаа силно влијание на градење антивоени и вредности на ненасилство. И на крај, повторната појава на граѓанското општество во транзицијата ја спонзорираа реформираните комунисти, кои го воведоа терминот граѓанско општество како противтежа на етнонацијата. Етнонационалните елити, во основа антикомунистички, во таквото граѓанското општество видоа закана – нов пролетерски интернационализам и предавство на националните интереси (УНДП 1999). Во 2001/02 г. се разгоре битна дебата предизвикана од вооружениот конфликт во 2001 и Охридскиот рамковен договор, во која Владата на десните сили го нападна граѓанското општество како „петта колона“ на странските интереси – на истите интереси во кои Македонија сака да се

интегрира: НАТО и ЕУ. По 2000 г. и десните сили се вклучуваат во граѓанското општество и постепено се надминува меѓусебната недоверба.

Втората разлика е законската дефиниција на граѓанското општество како сектор „воден од вредности“. Македонија во голем дел има силен нормативен пристап на своето законодавство кон граѓанското општество. Заснован на историското наследство, законот го ограничува регистрирањето на организации кои поттикнуваат расна дискриминација, нетолеранција и насилство. Тој, исто така, на клучен начин го дефинира и начинот на кој граѓанското општество одговори на општествениот конфликт во Македонија во 2001 г.

Во македонската јавност и стручни кругови не постои взаемно разбирање на концептот на граѓанското општество. Под влијание на странските донатори во 1990-тите беше усвоен терминот НВО со многу тесно разбирање – организации кои се финансирани од странски донатори. Првата критика доаѓа од Ило Трајковски (УНДП 1999) кој го воведува терминот „граѓанско сотрудништво“ и „граѓански здруженија и организации“. Во стручните кругови се води и дебата дали е соодветна употребата на граѓанско или цивилно општество, слично на дебатата во некои земји од Азија за употреба на „citizen“ или „urban“ (Кеане 2009). Една страна тврди дека граѓанско општество не е соодветен термин за одразување на нормативниот пристап, односно на „цивилизираноста“. Од друга страна, „цивил“ и „граѓанин“ во македонскиот јазик се употребуваат како синоними. Поради тоа, како и поради фактот дека во сродните јазици се употребува сличен термин, граѓанско општество е соодветен термин на македонски јазик. Во 2001 г. МЦМС го прифаќа терминот „граѓански организации“. Но и тој термин не ги вклучува другите актери на граѓанското општество. МЦМС во 2004 г., ја прифаќа дефиницијата на Цивикус, која во граѓанското општество ги вклучува црквите и верските заедници, организациите на работодавачите и работниците (синдикатите), а во 2009 г. се вклучени и политичките партии и индивидуите (не само организираните форми). Прифаќањето на овој концепт сè уште е во зачеток.

## ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО БЕЗ ГРАЃАНИ?

Овој наслов е позајмен од извештајот на Цивикус – Индекс на граѓанското општество за Бугарија и можеби ја одразува клучната дилема и предизвик – дали е возможно граѓанско општество без активни граѓани? Кениг, применувајќи го Хофстеде моделот на национални култури, ја опишува Македонија како земја со висок јаз во моќта, со колективна култура, средно маскулина и со високо одбегнување на неизвесност. Последната карактеристика вклучува и елементи како недоверба во институциите и ниска вклученост на граѓаните во граѓанското општество. Тоа значи дека во Македонија има неповолна социокултурна околина за развој на граѓанското општество.

МЦМС во 2007 и 2008 г. спроведе истражувања на општествената одговорност на граѓаните. Истражувањата укажуваат на сè уште постоечка етатистичка свест и очекувана одговорност на државата за решавање на проблемите (51,9 %). Највисок е јавниот дух (90,8 %), а најниска е одговорноста за животна средина (21,3 %). Учеството на граѓаните во политички непартиски активности (петиции, протести, бојкоти) од 25,3 % и во граѓанското општество од 23,9 % е споредливо со посткомунистичките земји, но е пониско од нивото на учество во западниот свет.

Во 2010 г. според неслужбени информации има околу 9.000 граѓански организации или 4,39 организации/илјада жители, што е пораст од 2006 г. кога имало 5.769 граѓански организации (2,85 на 1.000 жители). Тоа е пониско од околу 6 организации/илјада жители во Србија и Хрватска, а повисоко од 1,95 организации/илјада жители во Русија. Поголем предизвик е нееднаквата урбана/рурална дистрибуција, односно во 2006 г. во урбаните средини имало 4,7 организации/илјада жители, а во руралните 0,5 организации. Предничат Карпош и Центар со 7,9 орг./илјада жители и Битола со 5,1 орг./илјада жители. Ваквата географска дистрибуција резултира во состојба организациите најчесто да се раководени од етнички Македонци (80,4 %). Исто така, организациите најчесто се раководени од мажи (73,6 %) (МЦМС 2006).

Покрај ограничувачката социокултурна околина и другите фактори, политички и економски, се донекаде ограничувачки. Во 2007 г. Владата донесе Стратегија за соработка со граѓанскиот сектор, со чие спроведување треба да се придонесе во подобрување на околината и поттикнување на учеството во јавните политики. Прв значаен чекор е донесувањето на нов Закон за здруженија и фондации во 2010 г.

## ЗНАМЕНОСЦИ НА МАКЕДОНСКОТО ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

Улогата на чувар или контролор на државата не е многу развиена, за разлика од социјалната (општествената) улога. Зајакнувањето и информирањето на граѓаните, а особено на жените и маргинализираните лица (лицата со посебни потреби, Ромите), се клучните подрачја на успех. Во овие подрачја е постигнат успех и во политичката улога, односно во влијанието на јавните политики. Придонес кон успехот во овие подрачја има и воспоставувањето партнерство на водечките граѓански организации со Собранието на Македонија, какви што се Македонското женско лоби и Интерпартиската парламентарна група за лица со посебни потреби.

Еколошките организации беа знаменосци во периодот од 1996 до 2001 година, кога нивниот модел успешно се прифати од страна на државата – донесена е стратегија, закон и основано Министерство за животна средина. Меѓутоа, по овој успех, еколошките движења станаа помалку активни и видливи и бараат нова улога за себе. Покрај овој пример дека успехот на граѓанското општество е во прифаќање на концептите од страна на државата и пазарот, може да се

наведат и примерите на Македонскиот институт за медиуми кој, по успехот во обуката на новинари, основа Висока школа за новинарство, и на здружението Можности кое, по успехот во микрокредитирање, основа штедилница Можности.

Како се поврзани успесите (влијанието) со вредностите и организираноста на граѓанското општество? Случајот со жените (родовите прашања) покажува дека успехот се заснова на силната родова вредност и на јаки општествени групи и мрежи, што од своја страна резултира во успешно зајакнување на жените и влијание врз јавните политики.

Така, се чини дека постигнувањата на граѓанското општество се базираат на домашниот социјален и на странскиот финансиски капитал. Домашниот социјален капитал се состои од позитивните вредности, јаките општествени групи и добрата комуникација, координација и соработка меѓу чинителите на граѓанското општество.

Истовремено, како што покажуваат прашањата на родот, лицата со посебни потреби и човековите права, соодветно внимание од страна на странските донатори и како резултат на тоа добивањето значителна странска финансиска поддршка, е суштинско за влијанието на граѓанското општество (МЦМС 2006).

Успехот на македонското граѓанско општество е прифатен и резултира со доверба на граѓаните од 41,7 %, со значаен удел на доверба во потсекторите лица со посебни потреби (65,5 %), деца и млади (65,2 %), жени и родови прашања (61 %) и животна средина (58,5 %) (МЦМС 2008). Мнозинството од граѓани (56,1 %) знаат пример на успешна граѓанска организација и како такви ги наведуваат МОСТ, ФИООМ, Ел хилал, СОЖМ, Меѓаши, Транспарентност, МЦМС, Хелсиншки комитет за човекови права, Сојуз на пензионерите, АДИ, Разбуди се, ССУКМ, Полио плус, Месечина и други (МЦМС 2008). Граѓаните веруваат дека граѓанските организации се основаат за остварување на интересите на граѓаните (33,1 %), наспроти дека служат на интереси на странски држави (25,4 %).

## ПО ТРАНЗИЦИЈАТА – ОД СТАБИЛИЗАЦИЈА КОН ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО

Граѓанското општество во Македонија во моментов се приближува кон крајот на својот период на стабилизација. Изградено околу јаки вредности, граѓанското општество, дури и ако се базира на ограничена граѓанска поддршка, е вкоренето во некои општествени групи (жени, лица со посебни потреби, млади) и игра важна улога. Граѓанското општество треба да се гради на овој успех и да го проширува граѓанското учество во своите иницијативи. Предизвикот на зголемување на граѓанското учество ќе биде одреден и од способноста на граѓанското општество да се предводи решавање на општествените приоритети на граѓаните: борба против сиромаштијата и против корупцијата.

Намалувањето на поддршката од странство ќе го постави предизвикот на градење „домашно" граѓанско општество. Веројатноста за одржливост на граѓанското општество, во сценарио на повлекување на странските

ресурси е извесна, но ќе доведе до ремоделирање врз основа на новиот баланс на поддршка со приоритетизирање на потсекторите на жени, лица со посебни потреби, деца и млади, социјална грижа (МЦМС 2009). Потсекторот демократија, човекови права и развој на граѓанско општество, поради неидентификувани домашни извори на поддршка, има потреба од продолжена странска поддршка. Доколку досега повеќе внимание е посветувано на градење на партнерствата со донаторите, понатаму постои предизвикот, покрај зголемувањето на граѓанското учество, на градење силни партнерства со државата и со приватниот сектор, при што првите чекори се взаемно запознавање и признавање и градење на институционална рамка за меѓуповрзување. Предизвик ќе биде надминување на стереотипот дека граѓанските организации се злоупотребувани од политичките партии (МЦМС 2008).

Потребата од зголемување на граѓанското учество или градењето „домашно“ граѓанско општество потребно е да се согледа и во светло на европската интеграција на Македонија. Европските интеграции ќе бидат моќна движечка сила на натамошниот развој на граѓанското општество. Од друга страна, граѓанските организации ќе треба да бидат носители на новите вредности, кои во одреден момент може да дојдат во судир со традиционалните вредности. Граѓанското општество ќе игра значајна улога во постигнување на взаемност на традиционалната и мултикултурна Македонија (и Балкан) и постмодерна Европа. За да одговори на тој предизвик, помеѓу другото, граѓанското општество ќе треба да покаже почит за различните вредносни системи.

Граѓанското општество повторно откриено пред неколку децении доживува глобална промоција. Граѓанското општество како нов концепт, истовремено е и нејасен и оспоруван концепт. Улогата на граѓанското општество е одредена од дефиницијата и пристапите. Различните дефиниции и пристапи на глобално ниво, како нормативниот пристап, „западниот“ модел се отсликуваат и на примерот на Македонија. Граѓанското општество во Македонија, соочено со ограниченото граѓанско учество, гради свој модел на успех – знаменосци се жените и лицата со посебни потреби. По транзицијата и постигнување одредена стабилност сега се потребни јакнење на граѓанското учество и градење „домашно“ граѓанско општество. Граѓанското општество ќе игра значајна улога во постигнување на взаемност на традиционалната и мултикултурна Македонија (и Балкан) и постмодерна Европа.

Клучни зборови: *граѓанско општество, активни граѓани, учество, доверба*

**Користена литература:**

Кениг, Николина. 2006. Хофстедовиот модел на димензии на културата: можности за мерење во групен и индивидуален контекст. Докторска дисертација, Филозофски факултет – Универзитет „Свети Кирил и Методиј“.

МЦМС. 2006. Проценка на граѓанското општество во Македонија: По 15 години транзиција – од стабилизација кон граѓанско учество. Скопје: Македонски центар за меѓународна соработка.

МЦМС. 2008. Довербата во граѓанското општество. Скопје: Македонски центар за меѓународна соработка.

МЦМС. 2009. Општествената одговорност на граѓаните. Скопје: Македонски центар за меѓународна соработка.

УНДП. 1999. Национален извештај за човечкиот развој 1999 – Македонија. Скопје: Програма на Обединетите нации за развој.

Anheier, Helmut K., Glasius Marlies, and Kaldor Mary, eds. 2001. Global Civil Society 2001. Oxford: Oxford University Press.

Ball, Colin and Dunn, Leith. 1994. Non-Governmental Organisations: Guidelines for Good Policy and Practice. London: The Commonwealth Foundation.

Keane, John. 2009. Civil Society, Definitions and Approaches. In International Encyclopedia of Civil Society. New York: Springer New York.

Putnam, Robert D. 2000. Bowling Alone: The Collapse and Revival of American Community. New York: Simon and Schuster.

Schroeder, Juergen. Definitions of Civil Society. Schroeder, Juergen. http://www. juergenschroeder.de /allgemeine-texte/ 84-definitions-of-civil-society.html

Van, Rooy, Alison. 2004. The Global Legitimacy Game: Civil Society, Globalization, and Protest. New York: Palgrave Macmillan.

## ABSTRACT

Civil society, rediscovered just a few decades ago, is undergoing global promotion. Civil society, as a new concept, is at the same time an ambiguous and disputed concept. The role of the civil society is determined by its definition and approach. The different definitions and approaches on a global level, as well as the normative approach, i.e., the “western” approach, are being reflected in the case of Macedonia. The civil society here, faced with limited citizen participation, has been building its own success model – the flagship issues are women/gender and disability. After the transition period and the achievement of certain stability, what we require now is building the citizen participation and further building of an “indigenous” civil society. The civil society in the country will play an important role in reaching mutuality of a traditional and multicultural Macedonia (and the Balkans) and the Post Modern Europe.

Key words: *civil society, active citizens, participation, trust*



# CIVIL SOCIETY IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA: THE HISTORY OF PARALLEL WORLDS

—

author: Bujar Luma

**LOJA'S FOOTSTEPS (CHILDHOOD OF PARALLEL WORLDS)**

Before I started writing this article I was trying to look back and search for the stories that will help to understand better where the idea of LOJA came from. I was looking back into the complexity of circumstances and tried to identify, as it were, LOJA's footsteps.

I must have been in my second grade in the early 1981 (in the same period when students demonstrated against the system for the first time at the University of Prishtina, Kosova/o.

Almost at same time (around spring) public school events were taking place, organized in order to celebrate Tito's birthday (ex-Yugoslav leader) and this was an opportunity for us to understand the "great achievements and advantages" of Socialism/the system.

It happened that my uncle was the headmaster of my school and it happened that it was exactly there that I learned about the system and "that world". So I was introduced to this system in a school where my uncle was headmaster, one reason more to believe in it.

However, once or twice each month we used to gather with other family members at my grandparents'. My uncle (the school headmaster) was also present at those gatherings. And as those demonstrations occurred, it turned out that this became a family

discussion and I was allowed to listen. I was introduced to one other story, that of my grandparents, about the "achievements of Socialism" that was different than the one I learned at school. I was told a story of suffering, oppression, persecution and violence. In front of my eyes, my uncle silently would approve of his father's story.

This was the time when I was introduced to the "parallel worlds", the story/world we were told at school with no possibility to question them, and the grandparents' story/world with the possibility to ask questions. Those were the "parallel worlds" that I grew up with. This history of parallel worlds and realities followed my childhood and teenage years. Later on, I faced such stories in every segment of everyday life.

Later I was introduced or I understood that those worlds were not different just because of the different experiences of the system, but what made them totally different was the ethnicity view, the core of this division was the ethnicity. Different ethnic groups – different stories, worlds and realities; those were the histories of violence, sufferings and hatred that ethnic groups caused each other in the name of the system.

## LOJA THEATRE PLAY (A STORY OF DIFFERENT PERSPECTIVES)

Some years later, in the beginning of 1999, it was the similar story that provoked me to direct the first professional theatre play *Games in the Back Yard* ("LOJA ne oborrin e pasëm" in Albanian) by the Jewish author Edna Mazya, the violent history of a 14 year old girl Dvori Mahnas told from different perspectives. This Rashomon effect in the perception of history was somehow very natural to me and together with a group of young actors I thought this would be a chance to speak through the theatre about those "realities".

Ironically enough, simultaneously with our theatre world a reality, another reality, was taking place right in front of our eyes. Almost before and after each rehearsal we used to witness terrible suffering of the Kosovar refugees that we could see every day even in front of the theatre, waiting for volunteers to shelter them. Although we tried to live in our "theatre world" we couldn't really do that. There was a moment when we decided to get involved in that other reality as well. We decided to support the refugee children with what we had, and what we had were some theatre games for those children. We wanted those children to play, have fun and feel as children at least for a few minutes each day. At the time we had those activities in refugee camps as well as in Community Rooms where we mixed refugee children with host family children and children from other nationalities in the city of Tetovo.

When the Kosova/o war came to an end and the refugee children went back to their homes, my colleagues and I felt the added value of our theatre work. At this time we felt something changed in us. We had this difficult and, at same time, rich experience and we wanted to do something more in this regard. We wanted to capitalize on this experience and use it locally. We realized that there was the

possibility to connect those parallel worlds; we wanted to use this experience locally and deal with parallel worlds, realities and ways of living.

Although we were told every day by politicians that Macedonia is an “oasis of peace” and an exception from ex-Yugoslav violent histories, we felt that this was not the case. Knowing and experiencing the reality of “parallel worlds” and witnessing every day that there was no serious and organised attempt to deal with differences and realities, we knew that sooner or later a conflict would visit us.

That is why we intended to establish a structure that can deal with parallel worlds and serve as a prevention of possible conflict. When we decided to create that structure we looked for the name as well. Since we had this story of the theatre play of LOJA, we decided symbolically to give that acronym to the structure as well.

The establishment of the association LOJA was not something planned in advance, it was mainly a response to a certain situation. So, LOJA was not our choice, LOJA became our choice.

## LOJA: FROM REACTION TO PLANNING (FROM PARALLEL WORLDS TO COMMON SPACE)

Immediately after the official founding of LOJA we came up with ideas to establish common spaces for children from different ethic groups. At the time, by the end of 1999, we created the Babylon Centres. The Babylon Centres were designed to gather children from different nationalities together at the same place and try to build up friendships that will overcome their single worlds and introduce them to the other side. All this was done through games and recreation in their spare time.

In order to animate the children from different ethnicities and encourage them to be part of those centres we had to use attractive combined methods that they could not get at schools (i.e. computers, photography, theatre, etc).

This was the beginning of activities under the official structure of LOJA.

I must say that this was perhaps one of first non-violent efforts to create such common spaces/ worlds based on mutual respect.

## THE CONTEXT IN WHICH LOJA WORKS

### The socio-political situation in Macedonia

Generally, the interethnic relations in Macedonia are quite tense; there is a deep mistrust between different ethnic groups, there is no real forum for interaction and communication (especially among youth), social problems such as poverty continue to deepen. All this makes Macedonia, and especially the region of northwest Macedonia where various communities live together, a very fertile ground for conflict which occasionally even outbursts in violence.

If you look at the fields of education and culture, any analysis can demonstrate that the existing systems in the Macedonian society are in many aspects inadequate and

inefficient and cannot meet the current needs of the population. The constrained financial and administrative problems of the state institutions, the absence of proper children and youth policy, the lack of funds and material resources push them to the margins of our society.

Furthermore, a sort of a bi-educational and bicultural system exists in Macedonia, divided along ethnic lines (ethnic Macedonian and ethnic Albanian). The antagonisms between the two ethnic communities were rapidly growing and in 2001 they escalated into an armed conflict that brought the country on the brink of civil war.

A research carried out by CBC LOJA in June 2006 in the primary and secondary schools in Tetovo and Skopje on the topic of ethic division (parallel worlds) in the Macedonian educational system showed that over 50% of the children in these schools had growing prejudices and stereotypes and are filled with mistrust towards the children from the other ethnic groups.

The demands of the society on children and youth, education and culture have changed. The increased demands on the flexibility, quality and exchange within national and international frames etc., require new approaches and practical implementation. The development and implementation of an efficient quality system in the domain of youth and education is a rather sophisticated task requiring a very close co-operation of all actors involved on all levels. We feel that this is especially relevant for the region of northwest Macedonia which is a very densely populated and sensitive multicultural region, where we feel that there are needs that should be addressed and creative potential that should be articulated into innovative, independent and appropriate intercultural initiatives.

The Republic of Macedonia seems to be at a crossroads. Despite the signing of the Framework Agreement the political and security situation remains extremely unstable and the risk of a full-blown civil war, which appeared ever so real at some stages during the crisis, is still a possibility to be reckoned with. Six months of conflict have contributed to the further polarization of the society and significantly deepened feelings of mutual distrust and resentment between ethnic Macedonians and ethnic Albanians. The road to peace is still paved with difficulties.

The parallel worlds are still present and can easily be noticed.

## LOJA: FROM SPORADIC TO SYSTEMATIC APPROACHES (ADDRESSING THE NEEDS)

This problem in the Republic of Macedonia needs to be addressed with great caution because of the great effect it can have on the overall movements and developments in the society and because of its specific nature that can intensify the threats and sometimes prove crucial for spurring many conflicts of greater scale. This does not lead to the conclusion that some concrete example from another country can be compared to this problem, because its specific nature is entirely the result of the domestic conditions and the characteristics of the Macedonian society and its

demographic, cultural, national, historical, religious and educational features that have developed years ago in certain conditions and periods that are linked with this society and with this country. Therefore its own factors and actors should develop programs and projects for its overcoming, taking into consideration the needs, the experience and the knowledge of the circumstances in the society.

The Republic of Macedonia existed for many years in a Socialist system where equality, brotherhood and unity were proclaimed. In former Yugoslavia the main idea proclaimed was that everybody has the right to be equal and economic inequality was not allowed. But the principal and essential problem of this system was that it proclaimed equality and unity not by respecting the differences that existed, but by erasing them. In 1991 Macedonia became an independent country that changed the social structure. The Socialist social order became a democratic one. The basic concepts of living changed. The difference now surfaced more and more because formally, freedom of choice was proclaimed. The people of different cultures have always lived together and now the new conditions made possible living in one's own culture without consequences. It was now the time to talk not of unity but of a multicultural society. Living together in such a society needs to address certain questions.

Can the people from different cultures live together in a multicultural society in true interaction and all the other interactions that come out of such a society? How does the exchange of different cultures impact the personality? Are we capable of facing the differences surrounding us? Can we develop respect for these differences? Can different cultures co-exist together?

Intercultural learning means that at the beginning we must know our own culture and ourselves before we are able to understand other cultures. That is a process that brings about many challenges and involves deeply rooted ideas of what is right and what is wrong. The development of intercultural sensitivity is a process that moves from rejection to integration of differences.

The most important process in which young people are involved during our activities is confidence building. Usually, young people who belong to different ethnicities or different cultures do not have the opportunity to communicate among themselves because they generally do not have any contact with each other (they live in their isolated ethnic worlds).

During these types of activities young people have the opportunity to express their own convictions and to hear of the convictions of the young people belonging to the other ethnic group. They also have the opportunity to exchange their emotions and perceptions in order to come to a certain level of acceptance and understanding.

The principles that our organization supports are directed to openness to other communities, respect of differences, common understanding, active tolerance, fight against discrimination. The greatest attention is paid to the possibilities for a more active communication between people belonging to different cultures. This means

that our aim is the development of interaction and communication between the young people belonging to different ethnic communities.

The activities of LOJA organized in this way are not limited only to intercultural learning between different cultures that live in the Republic of Macedonia; these activities are progressively implemented together with other organizations outside Macedonia. LOJA is often the host and also the guest at trainings of this character. Facing a larger number of cultures brings its own challenges as well as advantages.

This helps you to understand better your own world and find common points with other worlds.

**CHALLENGES OF LOJA AND THE CIVIL SOCIETY IN MACEDONIA OF TODAY/ TOMORROW**

LOJA has to find a space where things are happening without the weight of the past.

LOJA has to stay, be identified and perceived as breathing space where individuals can reach their conclusions without the pressure from the group.

LOJA has to remain an independent institution that provides the space and tools for looking towards the future without preconceived ideas as to what it should be like.

LOJA has to have sustainable mechanisms to communicate to the coming generations that peace is not the last station that you reach once and forever, but rather that they should look at it as something you must nurture constantly in order to maintain it.

The next LOJA generation must know that no process in irreversible, and neither is peace.

LOJA has to create mechanisms to multiply its ideas through support of similar initiatives.

LOJA has to be aware that we live in a region where even the slightest segment in the culture of communication that exists is in constant danger imposed by politics. LOJA also has to develop mechanisms to deal with the heavy burden of the heritage which persist from the period of the nation building identity in the Balkans, especially in Macedonia (including the current stimulation of religious extremism by actor state).

LOJA has to take initiatives itself and be in constant consultation and partnership with the representatives of consolidated democracies.

LOJA has made the first steps towards the common world/space of tomorrow but it has to make sure it keeps walking.

**РЕЗИМЕ**

Тоа сигурно беше во второ одделение во почетокот на 1981-та година... Времето кога се запознав со „паралелни светови“, со приказните/светот за кои ни кажуваа на училиште без можност да поставуваме прашања и приказните/световите на нашите баби и дедовци за кои можеше да се поставуваат прашања. Јас израснав токму со таквите „паралелни светови“. Оваа историја на паралелни светови и реалности ме следеше и во детството и во моите тинејџерски години. Подоцна се соочував со таквите приказни во сите сегменти на секојдневниот живот.

Потоа сфатив или пак разбрав дека тие светови не се различни само поради различните искуства во однос на системот, туку дека она што ги правеше толку различни беше етничкото прашање и дека суштината на таа поделба беше етницитетот. Различни етнички групи – различни приказни, светови и реалности; тоа беа приказни за историјата на насилството, страдањата и омразата што едната етничка група ѝ ги нанаесувала на другата во име на системот.

Можат ли луѓето од различни култури да живеат заедно во едно мултикултурно општество во вистинска интеракција и сите видови интеракција што произлегуваат од едно такво општество? Што е тоа што граѓанското општество може да го направи во овој поглед?

Граѓанското општество мора да обезбеди простор во кој настаните ќе се одвиваат без товарот на минатото.



# ЛУСТРАЦИЈА – ИЛИ ГРДОТО ЛИЦЕ НА МАКЕДОНСКАТА ТРАНЗИЦИЈА

—

автор: **Звонимир Јанкулоски**

Прашањето како да се соочите со минатото, особено ако било насилно, не е ново и не е карактеристика на транзиционите општества по падот на Берлинскиот ѕид. „Историската амнезија“ можеби некогаш била нужна за градење на нацијата, но денес кога нараснува свеста за важноста на човековите права, државите сѐ повеќе се навраќат на колективното сеќавање за минатото. Сеќавањето за минатото е корисна алатка за разрешување на конфликтите низ светот, имајќи го предвид искуството дека одбивањето да се соочите со минатото и неговото наследство (без оглед какво и да е) е потенцијален генератор на идни можни конфликти. Зато се нуди нов концепт на правда поврзан со периодот на политички промени, чија главна карактеристика е да понуди правен одговор на масовните кршења на човековите права и репресијата на претходниот режим и средство за демократизација на пост тоталитарните општества.[1]

Токму транзиционата правда има за цел да ја испорача правдата во општеството на оние кои биле репресирани во минатото, нудејќи им рехабилитација и реституција за злото кое го претрпеле. Транзиционата правда нуди можност за соочување со таквото минато градејќи амбиент

---

[1] Neil J. Kritz, ed., Transitional Justice: How Emerging Democracies Reckon with Former Regimes 3 Vols. (Washington D.C.: United States Institute of Peace Press, 1995).

за мирна транзиција, помирување и демократизација на општеството.[2] Транзиционата правда е правна интервенција во периодот на т.н. трет бран на демократизација – преминот од тоталитарно кон демократско општество. Не се работи за посебен вид правда, туку за правда прилагодена за општествата што се трансформираат.[3] Истовремено, транзиционата правда е средство за психолошко ослободување на граѓаните од репресивното минато и митовите кои ги креираше. Таа оди длабоко во политичката меморија на постранзиционите општества, оневозможувајќи им на политичарите да манипулираат со неа. Истовремено, таа е средство низ кое ќе се гарантира дека минатото нема да се возобнови, со крајна цел да ја трансформира а не засили културата на репресивноста на политичкиот систем.

Посткомунистичките држави во Источна и Централна Европа по падот на Берлинскиот ѕид се судрија со сериозен предизвик на нивниот пат кон демократијата. Од една страна, мораа да креираат власт која ќе биде демократска, одговорна и на која граѓаните ќе може да ѝ веруваат во контекст на аплицирањето на принципот на владеење на правото, но, притоа истовремено да креираат власт која ќе биде отчетна пред граѓаните на начин кој претпоставуваше ослободување од баластот на поединци кои му служеа на претходниот режим. Особено силно беше барањето политиката и процесот на демократско владеење да се ослободи од луѓето што го креираа теророт на претходниот режим.[4]

Комунистичкото наследство, без оглед на видот и неговата перцепција кај граѓаните, ги присили демократиите во зародиш да се соочат со дилемата која политичкиот транзиционен процес ги наметна. За владите на овие држави, вклучувајќи ја тука и Република Македонија, ова претставуваше шанса и хазард. Шанса, да се соочат и справат со минатото и злото кое го продуцирал претходниот тоталитарен режим, како и со луѓето кои стоеле позади него; хазард, да создаде амбиент на одмазда и политичка пресметка со политичките противници и неистомисленици. Токму затоа, методите кои државите во транзиција ги употребуваат за справување со масовните и систематски кршења на човековите права на претходите режими ги легитимираат во нивната посветеност на принципот на владеење на правото и почитувањето на човековите права. Притоа, овој процес мораше и сè уште изгледа мора да биде внимателно политички калкулиран, со цел да се опстои на него и да се издржи на притисокот на сè уште потентните елементи на претходите режими. Зашто опасностите со кои се судираат транзиционите демократии се сè уште големи и видливи. Наместо демократија секогаш постои и се одржува можноста од „кадифено возобновување на тоталитаризмот“; наместо владеење на правото – корупција; наместо човекови права – организиран криминал.

---

[2] Skapska, Grazyna. "Facing the past human rights violations", www.iusetlex.pl/doc/konferencja/skp.doc

[3] Ian Shapir, International Justice: Democratic Justice in Transition (New Haven: Yale University Press, 1999).

[4] За повеќе види: Horne, Cynthia & Margaret Levi (2002). Does Lustration Promote Trustworthy Governance? An Exploration of the Experience of Central and Eastern Europe. Budapest: Trust and Honesty Project. Huyse, Luc (1995). 'Justice after Transition: On the Choices Successor Elites Make in Dealing with the Past'. Law and Social Inquiry 20:51-78.

Почитувањето на човековие права и имплементација на транзиционата правда е дилемата со која се судрија државите од Источна и Централна Европа на патот од рушење на диктаторството и репресијата кон градењето ново демократско општество. На новите демократии им требаше средство да се заштитат од возобновувањето на заканите од тотоалитаризмот, како и од можностите за рециклирање на тоталитарната свест. Средството кое им се нудеше за ова беше лустрацијата. Лустрацијата беше понудена како можност за справување со проблемите кои ги носеше со себе транзиционата правда.[5]

Зборот „лустрација“ доаѓа од латинскиот збор *'lustratio'* што значи прочистување низ жртвување. Лустрацијата е правен процес за осознавање на оние кои соработувале со претходниот режим во неговото креирање и одржување на репресивниот апарат на тој режим. Лустрацијата преточена во право ја овластува владата низ процес на скенирање на кандидати за функции во државата да иницират правна постапка против политичката елита на претходните комунистички и тоталитарни режими и соработниците со тајните служби на истите. Низ лустрацијата треба да се елиминира стравот кај граѓаните во транзиција од можноста тајната полиција и понатаму да управува со нивните животи, извитоперувајќи ја демократската есенција на политичкиот систем кој се градеше по падот на комунизмот. Крајната цел на лустрацијата е прочистување или проветрување на општеството од „гревовите“ на комунизмот и злото што го продуцира.[6]

Комунистичкото минато на Република Македонија останува табу тема и после скоро дваесет години на независна држава. Сè уште егзистираат нерешени и длабоко амбивалентни проблеми врзани за нашето минато за кои многу малку се говори и пишува. Можеби затоа Македонија го чекори својот пат во место. Некои велат сме задоцниле со лустрацијата. За жал, задоцнивме со многу работи. Задоцнивме со декомунизацијата на општеството, задоцнивме со приватизацијата, денационализацијата, отворањето на полициските досиеа (со идеолошки предзнак), па ако сакате и со лустрацијата. Не е проблемот во доцнењето. Проблемот е во тоа што никој не го поставува прашањето зошто се доцнело. Кои се оние сили во државава кои ги кочеле овие процеси? Кои се оние кои свесно Македонија ја држеле заложник на заблудите од минатото? Кои се оние кои не сакале и сè уште не сакаат да се демистифицира минатото на оваа држава. Кои нè држат заложници на митовите? Несрушените и новосоздадените. Македонија мора еднаш да одговори на прашањето: кој го креираше и одржуваше во живот таквиот недемократски систем? И по падот на комунизмот. Кои беа кодошите кои ги шпионираа своите соседи и пријатели? Каква фер казна може да се определи за нив, кои реално не се виновни за она

[5] Samuel Huntington, The Third Wave: Democratization in the Late Twentieth Century (Norman: University of Oklahoma Press, 1991); Luc Huyse. 1995. "Justice after Transition: On the Choices Successor Elites Make in Dealing with the Past." Law & social inquiry 20(1).; John P. Morgan, "The Communist Torturers of Eastern Europe: Prosecute and Punish or Forgive and Forget? Kieran Williams, Aleks Szczerbiak, and Brigid Fowler. 2003. Explaining Lustration in Eastern Europe: 'A Post-communist politics approach' Sussex Europe Institute Working Paper No 62.

[6] Ved P. Nanda, 'Civil and Political Sanctions as an Accountability Mechanism for Massive Violations of Human Rights', 26 Denver Journal of International Law and Policy 389 (1998).

што го правеле зашто не било забрането со кривичното законодавство, но за кои никако не можете да кажете дека биле невини. Зашто се работи за луѓе создадени од расиплив човечки материјал.[7]

Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција[8] (или популарно наречен Закон за лустрација) требаше да даде одговор на овие прашања и да го затвори процесот на декомунизација на македонското општество. Законот за лустрација всушност определува дополнителен услов, дополнителен квалификатив за вршење јавна функција и дејност. Тој е ориентиран кон иднината, еднакво применлив за сите и е недискриминирачки. Тој треба да обезбеди дека новата политичка елита ќе ги промовира и имплементира новите демократски вредности. Со цел да се избегне голата политичка одмазда, македонскиот модел на лустрација е следен со почитување на принципот на владеењето на правото, индивидуализација на вината, правото на одбрана (почитување на принципот на презумпција на невиноста) и право на жалба до повисок суд. Крајната цел на лустрациониот процес во Македонија се движи од барање за објаснување од страна на соработниците за причините за она што го сториле во минатото, преку нивна осуда правејќи ѝ ги достапни на јавноста нивните имиња, до нивно отстранување од политичкиот процес во државата за одреден временски период.

Но, иако постоеја очекувања дека со носењето на лустрациониот закон конечно ќе се затвори процесот на декомунизација на општеството, тоа не се случи. Како што одминува времето сè поочигледно е дека политичките елити и други структури во македонското општество имаат резерва и не се подготвени да се расчисти со комунистичкото минато на Република Македонија. Прочистувањето во Република Македонија може да биде временски ограничено само за периодот на социјализмот со човечки лик. Не до моментот на носење на Законот. Така реши Уставниот суд на Република Македонија. Иако систематски и сериозни кршења на човековите права продолжија и по осамостојувањето на државата. Но Уставниот суд одби да ги види. Да ја перципира реалноста каква била, а не каква требала да биде согласно промените во Уставот од 1991 година.[9]

Уставниот суд на Република Македонија ја имаше историската шанса при оценката лустрацијата да развие сопствена доктрина по прашањата кои процесот на лустрацијата ги допираше – прашањето на заштитата на човековите права, транзиционата правда и прашањето за континуитетот или дисконтинуитот на политичкиот систем. Не успеа, или не сакаше низ уставната оценка на лустрацијата да изгради јуриспруденција која ќе можеше да биде разгледувана како компаративно конструирано заедничко разбирање на демократскиот конституционализам. Она што го направи е прифаќање на континуитет и компатибилност на претходниот и новиот правен систем, без да

---

7 Stanley Cohen 1995. “State Crimes of Previous Regimes: Knowledge, Accountability, and the Policing of the Past.” Law & Social Inquiry 20(1): 7-50.

8 Службен весник на Република Македонија бр. 14/2008 и 64/2009.

9 За одлуката на Уставниот суд, види: http://www.ustavensud.mk/domino/WEBSUD.nsf

го истакне новиот квалитет на политичкиот систем кој почнавме да го градиме. Политички систем што е фундаметално различен од претходниот. Уставниот суд овие разлики ги перципира како потенцијална слабост на државата, поради што ја зацементира демократската држава низ почитувањето на принципот на владеење на правото. За Уставниот суд нема дилема дека принципот на владеење на правото во државата станува реалност кога уставот вистински и безусловно се применува и имплементира. Притоа заборави дека промената на правниот систем, во контекст на промената на политичкиот систем, можен е само доколку правото и институциите надлежни за негова имплеметација ќе бидат хармонизирани со новиот устав.

Новиот вредносен систем изразен низ нормите на Уставот мора да биде преточен низ правото и инкорпориран и применет во целото општество. Ова е оној вистински концепт на владеење на правото кој државите во транзиција го следат и услов новиот устав да стане реално применлив. Поточно, да биде хармонизиран со реалноста. Затоа, Уставниот суд не смееше лустрациониот процес да го разгледува надвор од аплицирањето на принципот на владеење на правото во држава која сè уште се обидува да излезе од социјализмот со човечки лик.

Уставниот суд, во контекст на лустрацијата, се повика на континуитетот на правните системи, со цел да докаже пред себе и граѓаните (па ако сакате и пред светот) дека „ние не сме исти со другите“. Инсистирањето на целосна беспоговорна конзистентност во следењето на принципот на владеењето на правото, во услови кога вредносните систем на новиот устав се променети, ја одрекува можноста да се примени лустрацијата како средство за испорачување на правда во македонското општество. Ваков ригиден правен формализам на некои судии е произлезен од непознавањето на позитивистичките правни традиции на Европа, датирани во периодот непосредно по Првата светска војна. Иако ваквиот позитивизам имал за цел да го зајакне граѓанскиот концепт на државите низ правната сигурност и стабилноста на правото, во својот подоцнежен период многу пати покажал недоследности и слабости. Во поглед на неправдата принципот „право е право“ се покажа како неуверлив и слаб во повоената историја на Европа. Легалистичката концепција како услов за политичка легитимација, според зборовите на Клемент Готвалд е „полнење стари чаши со ново вино“.[10]

Немам дилема дека дека Уставот на оваа држава не е вредносно неутрален; дека не е проста „демаркација на институциите и процесите“, туку дека ги изразува основните вредности на демократијата кои мора да добијат правна интерпретација. Не може да се одрече дека е потребно целосно прифаќање и почитување на принципот на легалитет како заокружен концепт на држава положена на правото; но, позитивното право не е просто формално легалитет,

[10] David Robertson, A Problem of their own, Solutions of their own: CEE Jurisdictions and the Problems of Lustration and Retroactivity, Workshop: Implications of enlargement for the rule of law and constitutionalism in post-communist legal orders European University Institute, Florence, 28-29 November 2003, p. 15.

туку интерпретација и апликација на правните норми кои се подредени на нивните основни цели; и дека правото мора да биде оценувано низ основните вредности на демократија инкорпорирани во новиот устав, а примената на правните норми од овој акт ќе биде премерувана низ новите вредности инкорпорирани во него. Тоа значи дека кога постои континуитет на правото од претходниот систем, мора да постои дисконтинуитет во вредностите од стариот режим. Поточно кажано, старото право мора да биде интерпретирано во светлото на новите демократски вредности. Токму тоа е поентата на правната сигурност на која заборави Уставниот суд во контекст на оценката на лустрацијата.[11]

Уставниот суд, во контекст на лустрацијата не успеа да изврши правна делегитимација на поранешниот режим како основен услов за аплицирање на принципот на правната сигурност. Ортодоксна апликација на идејата за правна сигурност и немање ограничувања во поглед на стекнувања на одредени погодности на поранешните политички елити, директно ја загрозува нивната сигурност и безбедност. Токму нивното отстранување од политичкиот живот на државата е гаранција дека ќе бидат безбедни и ќе биде испочитуван принципот на правната сигурност во однос на нив. Правната сигурност на оние кои ги кршеле правата на граѓаните во поранешниот режим е извор на правна несигурност на граѓаните и вице верса. Во контекст на овие два типа на правна сигурност, Уставниот суд на Република Македонија, во контекст на оправдување на правото за лустрација, наместо да даде приоритет на сигурноста на граѓанското општество, ги заштити денунцијантите.

Свесни сме дека приказната за лустрацијата во Република Македонија е приказна на политичко пазарење, политичка компетиција и градење на коалиции. Можеби затоа не може да нѐ напушти впечатокот дека кај нашите политички елити е присутен стравот да се соочат со грдата слика на сопственото политичко минато. За да продолжат да живеат со лажната, која успеаја да ја креираат во транзицијата. Колку долго ќе нѐ држат заложници на минатото зависи колку брзо лустрациониот процес вистински ќе заживее во Република Македонија. Времето веќе оддамна не е сојузник на овој процес.

---

[11] Повеќе за правната димензија на лустрациониот процес види: Roman Boed, „An Evaluation of the Legality and Efficacy of Lustration as a Tool of Transitional Justice“, 37 Columbia Journal of Transnational Law (1999) 357.

**ABSTRACT**

Dealing with the Communist past in Macedonia is still full of unresolved and deeply ambivalent problems due to the nature of its post-Communist transition and the nature of the newly constructed political institutions. All formal analyses done during these years confirms that Macedonian political elites remained reluctant to develop a political and legislative strategy to deal with injustices committed by the previous authoritarian regime. We never openly discussed the lustration process as a tool for removing the legacy of the previous Communist totalitarian regime, never assessed the utility of using lustration as a means for a country to deal with the legacy of human rights abuses of the past regime.

I do believe that the new Macedonian Lustration Law could make a change for the victims of the Communist regime and of the future. As for the victims, it will allow these people to heal and become normal citizens. As for the future it will help ensure that the past will not recur. But it is not happening in Macedonia. Macedonian Constitutional Court did not object to the constitutionality of the lustration process, but it refused to accept the prolongation of the prosecution period for a politically protected crime. It must be said that the Court ruling comes from the comfort of established western democracies. Hence, the new post-Communist political system was unsuccessful in the process of diminishing the political capital of denunciation. In the case of lustration Macedonian Constitutional Court jurisprudence was in favor of procedural over substantive values, in favor of a traditional continental European formalism. The Court has no doubt that Macedonia as an independent democratic state has a new political system fundamentally different from that of the previous regime. Disregarding the fact that the whole body of law must be brought into harmony, the new legislation kept in total harmony with the new Constitution, which did not happen in our country. Therefore the need for the prolongation of the lustration process must remain in place.



# МАКЕДОНСКИТЕ ДРЖАВНИ ИНТЕРЕСИ И ЕВРОПСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ

—

автор: **Александар Спасеновски**

Остварувајќи ја визијата на Роберт Шуман, европските народи успеаја за само неколку децении да ги надминат милениумските конфликти кои ја обележаа европската но и светската историја. Раздорот и војните денес се заменети со одредена форма на заедништво и мир. Благодарение на вербата во можноста за мирна коегзистенција и придобивките од истата, наспроти загубите кои ги носи анимозитетот, оваа благородна идеја денес претставува наша реалност.

Согледувајќи ги културолошките сличности кои ги поврзуваат сите Европјани и ние Македонците се пронаоѓаме себеси токму во ова семејство, во кое под чадорот на генералната идеја секоја држава и народ ги зачувува и унапредува своите културолошки и национални специфичности.

Република Македонија, која својот пат кон Унијата го започна пред речиси дваесет години, направи голем напредок од своето осамостојување до денес. Се соочувавме со големи проблеми и сè уште се соочуваме со одредени предизвици во оваа голема трансформација. Меѓутоа, доколку погледнеме назад можеме да бидеме задоволни од постигнатото. Како и Унијата, успеавме да се издигнеме од пепелот на минатото и да зачекориме кон иднината. Иднина која за прв пат го обединува целиот континент. Да се биде современик на едни вакви просперитетни времиња е посебна привилегија. Не секојдневно се укажува

можност да се биде сведок при формирањето на ваква специфична заедница. Уште поретка е можноста да се биде дел од таа заедница. Европа, Европјаните, а како дел од оваа група и Македонците, заслужија да ги дочекаат овие времиња. Изодениот макотрпен пат беше подеднакво тежок како за Унијата така и за Република Македонија. Доколку повлечеме паралели ќе видиме дека се соочивме со речиси исти потешкотии. Тргнувајќи од една незавидна позиција која ја отсликуваа недостаток на слога, затвореност на општеството, кревок мир и економска стагнација и истрошеност, успеавме да ги свртиме приликите во дијаметрално спротивна насока. Овој тежок процес, кој сè уште трае, е нешто со што треба да се гордееме. Тоа претставува големо постигнување кога еден народ или цивилизација ќе успее да направи толку радикални промени кои, иако далеку од лесни, се апсолутно неопходни за просперитетот и благосостојбата на луѓето.

Заслугите за овој напредок на Република Македонија се заслуги на целото наше општество. Интеграцијата во европското семејство е стратешка цел и определба на нашата држава. Таа е приоритет и претставува единствена посакувана насока по која треба да се движиме, за сите политички партии и за сите граѓани. Кон исполнувањето на оваа цел со голема посветеност и труд работат и сите државни институции. Доказ за тоа е и значителното приближување на Државата до Унијата во изминатиот период во кој успеавме да ги отстраниме визните бариери и да добиеме позитивна препорака од Европската комисија за отпочнување на пристапните преговори. Без компромиси, со решителност ја движиме нашата држава до зацртаните цели. Константата во оваа битка се македонските граѓани. Без оглед на разните промени низ годините, сите политички и неполитички субјекти, водејќи се од интересот на македонската нација, со поголем или помал успех ги преземаа неопходните чекори кои водат до асоцијација, а на крајот и интеграција во Европската Унија. Задоволство е да се погледне назад и од оваа перспектива да се согледаат времињата кои изминале. Од денешна гледна точка уште повеќе ги цениме напорите вложени во исполнувањето на овој приоритет. Република Македонија истрајно и со голема посветеност ги исполнуваше барањата и критериумите поставени од челниците на Унијата, дури и кога се наметнувале други проблеми кои се заканувале да го загрозат евроинтегративниот процес на државата. Во секој случај, убаво е кога за сработеното ќе се добие соодветен надоместок. Споменатата препорака за добивање на датум за преговори и добивањето на безвизен режим со земјите од Шенген зоната се резултат на наведените заложби и напорната работа на институциите. Овие одлуки се знак дека нештата на чие подобрување работиме се адекватно реформирани и дека нашите акции и реално нè доближуваат до европското семејство. Придобивките од овие постигнувања, во крајна линија, најмногу ќе ги почувствуваат граѓаните на нашата држава.

Симнувањето на Шенгенскиот ѕид значи многу за една мала држава како Република Македонија. Преку исполнувањето на неопходните критериуми

поставени пред нас од страна на Европската Унија, кои ги гарантираат безбедноста и контролата на границите, успеавме дополнително да ги доближиме нашите народи. Со оглед на тоа што Унијата функционира како сплет на блиски но сепак различни култури, од особена важност е можноста македонските граѓани непречено да патуваат во земјите членки на Шенген зоната. Ова прашање својата тежина ја демонстрира во неколку полиња. Тука првенствено е стекнувањето на чувството дека припаѓаме на едно пошироко семејство од кое повеќе не нè делат долги процедури за добивање визи. Македонските граѓани преку неопструираната посета на државите кои членуваат во Европската Унија добиваат уникатна можност непосредно да се запознаат со своите европски сограѓани. На овој начин се придонесува за зближување на нашите култури и нации и за стекнување на подобро взаемно разбирање за поединостите кои нè прават уникатни. Понатаму, олеснето е и водењето бизнис помеѓу државјаните на Република Македонија и државјаните на Европската Унија. Како што и самите почетоци на Унијата во Заедницата за јаглен и челик потврдуваат, шансите за заработка од взаемната соработка резултираат со формирање трајни и продлабочени врски помеѓу различните страни кои учествуваат во овој процес, дел од кој сега можат да бидат и македонските граѓани. Евидентно е дека секој вид бариери кои ги одделуваат луѓето од сродни култури, кои делат сродни вредности, се одразува негативно за развојот како на економијата така и на општеството. Затоа ова постигнување е историско и особено вредно за нашата држава.

Уште еден мошне значаен и маркантен настан кој ги обележува односите помеѓу Република Македонија и Европската Унија е добивањето на препорака за доделување на датум за почеток на пристапните преговори. Макотрпната работа и искрената посветеност во спроведувањето на реформите во државата ги исполнија очекувањата. Резултатите на напредокот во полето на доближување на нашите правила и стандарди до оние пропишани од Унијата ѝ овозможија на Европската комисија да препорача почеток на преговорите за зачленување на нашата држава во поширокото европско семејство. Со една вака силна верификација на постигнатото ние, како нација и како земја кандидат, дополнително се мотивираме и добиваме нов елан за спроведување на преостанатите обврски кои добивањето полноправно членство ги налага. Иако не може да се скрие задоволството за оствареното, мораме да останеме свесни дека има уште доста работа пред нас. Позитивниот аспект на сето тоа е дека во сложениот процес на достигнување на европските стандарди ние градиме едно подобро општество за нас и за идните генерации. Иако ваквата далекусежност на нашите сегашни акции дополнително нè обременува и нè приморува внимателно да постапуваме, истовремено неопходно е овој пат да го изодиме со забрзано темпо. Сето ова од причина што е потребно, колку е можно поскоро Република Македонија да го заземе своето место во Европската Унија.

Во поглед на соработката помеѓу институциите на Република Македонија и Европската Унија, како пратеник во Собранието на Република Македонија и претседавач со македонската делегација на Мешовитиот парламентарен комитет сакам да ја наведам и добрата соработка која ја имаме со нашите колеги од Европскиот парламент. На нашите средби активно работиме на зацврстување на односите помеѓу Република Македонија и Европската Унија и на продлабочување на нашата взаемна соработка. За нас директната комуникација со оваа почитувана институција е од голема вредност особено поради можноста која ја имаме да ги споредиме и дискутираме нашите ставови за широк спектар на теми кои се поврзани со зачленувањето на Државата во Унијата. Понекогаш истите се блиски, понекогаш различни, меѓутоа она што е важно е дека во духот на европското заедништво и во духот на демократската традиција која е создадена на овој континент имаме можност отворено да разговараме за тие теми кои се од голема важност и кои му го даваат обликот на нашето општество. Со оглед на тоа што станува збор за директни репрезенти на народите на Унијата и на Република Македонија, усогласените ставови кои произлегуваат од овие средби ги отсликуваат вредностите, традициите и светогледите кои нѐ прават толку блиски и сродни. Затоа претставува задоволство да се соработува со институција која отворено стои зад процесот на проширување и која ја поддржува аспирацијата на Република Македонија за членство во Унијата.

Вратите на Унијата се речиси отворени. Иако сме поблиску од кога и да е до добивање на полноправно членство, сепак е потребно да имаме на ум дека работата мора да продолжи. Потребно е дополнително да ги засилиме нашите напори и да ги исполниме нашите обврски, за да им овозможиме на нашите европски пријатели непречено и без потешкотии да го исполнат својот дел од договорот. Останува да се изоди последната етапа од ова патување, меѓутоа таа најчесто е и најтешката. За да бидеме сигурни дека нема да потклекнеме на самиот крај потребно е сите државни институции да бидат подготвени за финалниот чекор. Наша обврска е да сториме сѐ што е во рамките на нашите можности да ја исполниме нашата обврска кон македонските граѓани но и кон нашите предци кои можеле само да мечтаат за слободна и европска Македонија. Во тој случај, откако ние ќе го направиме своето, во рацете на нашите европски партнери е комплетирањето и затворањето на овој процес. Најважно од сѐ е да не се губи ниту надеж ниту време ниту енергија на споредни околности кои би можеле негативно да се одразат на дведецениския труд кој целокупното македонско општество го вложи во постигнувањето на оваа цел. Како и во минатото така и сега ќе има разни дистракции кои ќе го одвлекуваат нашето внимание, но императивно е да останеме фокусирани на исполнување на зацртаните цели.

Македонија успеа да постигне многу. Денес нашата татковина е многу понапред од она што беше во годините по нејзиното осамостојување од поранешна Југославија. Иако понекогаш ни се чини дека нештата се одвиваат со забавено

темпо, доволно е да погледнеме назад и да се потсетиме на сето она што сме го оствариле. Она што пред десет години ни изгледало недостижно денес е реалност. Ако патувањето без визи беше стремеж и копнеж кој изгледаше далечен и недостижен, денес истиот е реалност. Ако добивањето кандидатски статус беше исклучително исчекуван датум, денес тој е заменет од очекувањето на датум за почеток на преговорите, датум кој од изгледот на нештата не е премногу далеку. Како што постепено ги остварувавме минатите цели, кои денес ни делуваат толку обични, така и целите кои ги имаме сега пред нас еден ден ќе претставуваат подеднакво обични нешта како и претходните. Затоа мораме да бидеме свесни дека иако тоа не можеме да го забележиме во моментот, ние константно се движиме напред, нашиот труд и упорноста сè повеќе нè доближуваат до Европската Унија. Она што е потребно е да продолжиме со исто темпо, бидејќи само така можеме да ги оствариме нашите заеднички заложби.

**ABSTRACT**

Realizing the vision of Robert Schuman, the peoples of Europe managed in only a few decades to overcome millennia-long conflicts that marked both European and world history Today, division and wars are replaced by a certain form of togetherness and peace. Due to the belief in the possibility for a peaceful co-existence and its benefits as opposed to the losses brought about by animosity, today this noble idea is our reality. Aware of the cultural similarities that connect all the Europeans, we, Macedonians, also see ourselves in this very same family where, under the umbrella of the general idea, each state and nation nourishes and advances its own cultural and national specific features. Macedonia has made great progress. Today, our country is much more advanced in comparison to what it was in the years after it gained its independence from former Yugoslavia. Although sometimes it seems that the pace of development is not as fast as we would desire, it is enough to look back and remind ourselves of all we have achieved. That which seemed unattainable ten years ago, today is our reality.



# НЕФОРМАЛНИТЕ МРЕЖИ ВО МАКЕДОНИЈА: ВЛИЈАНИЕ И АКТИВНОСТ[1]

—

автор: Климе Бабунски

## ВОВЕД

Современото поимање на демократијата и нејзиниот развој, ја нагласува нејзината двострана појавност.[2] Од една страна, се бараат решенија за реформирање, скротување и контролирање на државната моќ, од друга страна се бараат решенија за преструктурирање, за артикулирање и за ефектуирање на граѓанското општество. Капацитетот на демократските процеси зависи од институциите и од правилата според кои институциите функционираат, но и кога се имаат најдобрите институции и правила, тие сепак не се доволна гаранција за непречен демократски развој. Всушност, реформите или демократизацијата во пост-комунистичките држави покажуваат бројни примери на ограничен успех, затоа што или се превидува или се игнорира менталитетот, секојдневното однесување, не само на оние кои ги донесуваат одлуките и управуваат со институциите, туку и на граѓаните воопшто. Паралелно на правилата, со кои се формализираат односите, постојат редица неформални односи кои може да бидат поттик, но може да бидат и кочница во создавањето на „зрелата демократија". Промената

---

1 Со оглед на правилата на списанието Политичка мисла во врска со големината на објавените текстови, ова претставува бележито скратена верзија на статија под ист наслов, која може да се прочита на http://www.isppi.ukim.edu.mk/godisnik_trd_vo_str.html

2 За ова подетално во Дејвид Хелд, „Модели на демократија", стр. 351, Академски печат, Скопје, 2008.

на правилата и на институциите е полесниот дел од работата, а далеку потешко е менувањето на менталитетот, менувањето на однесувањето, кои се пред сè последица на одредена „култура на неформално однесување“, резултат на одредена политичка култура. Во овој контекст, вообичаено преовладува ставот дека малку се знае за фактичкото функционирање на институциите, во услови на изложеност на неформални мрежи и односи. Токму затоа, истражувањето на неформалните односи и мрежи претставува вонредно голем предизвик, кој ја надминува „академската љубопитност“ за функционирањето на институциите, и претставува сериозен индикатор за нивото на демократизација.

## КАТЕГОРИЈАЛЕН АПАРАТ И ИСТРАЖУВАЧКА МЕТОДОЛОГИЈА

Пристапот кон неформалните практики или неформалните односи, во рамки на Проектот,[3] се темелеше врз неколку основни поими, меѓу кои централно место имаше поимот „неформални мрежи“. Поимот „неформална мрежа“ (понатаму во текстов НФМ), беше дефиниран како „неформален круг на лица кои се во можност и сакаат да си помогнат едни на други“. Луѓето кои се поврзани во НФМ имаат корист од тоа што ѝ припаѓаат на мрежата, и оттука имаат интерес да ја одржуваат мрежата. Постои чувство на обврска кон другите луѓе од мрежата, а повеќекратното пропуштање да се дејствува во согласност со желбите на другите лица од мрежата, може да доведе до отуѓување или отфрлање од мрежата.

Проектот имаше неутрален пристап кон поимот неформални мрежи, а позитивната или негативната оцена за ваквата општествена практика зависи од начинот на кој се користат и од целите за кои се употребуваат НФМ. Истражувачкиот интерес на Проектот не беше фокусиран кон одделен случај и негово емпириско мапирање, туку интересот беше сосредоточен првенствено кон начините на кои НФМ се активни во општетството, особено наспроти формалните односи.[4]

Оваа статија се фокусира врз релативно мал, но вонредно важен дел од квалитативниот дел од истражувањето. Имено, цел ни е да ги претставиме ставовите на соговорниците и нивната аргументација, во врска со влијанието и активноста на НФМ во земјава, како и оцените за корисноста или штетноста

---

3 Проектот под наслов „Постконфликтна реконструкција, неформални практики и корупција: случајот на Босна и Херцеговина, Македонија и Србија“ 2006-2010 година, беше координиран од норвешкиот Институт за урбани и регионални истражувања, а беше финансиран од Советот за истражување на Норвешка. Автор на концепциското осмислување и раководител на проектот, во сите три земји, е д-р Асе Берит Гроделанд, а со реализацијата на проектот во Република Македонија раководеше авторот на текстов.

4 Од методолошки аспект важно е да се нагласи дека овде ќе бидат користени податоци обезбедени преку квалитативни истражувачки методи. Во 2007 година беа направени 135 продлабочени интервјуа, по 15 претставници од одделен сегмент на елитата. Примерокот ги покриваше следниве сегменти на елитата во Македонија: (1) избрани претставници; (2) партиско-политички претставници: именувани високи функционери во државната администрација или во политичките партии; (3) раководни лица од невладини организации, при што беа вклучени и странски невладини организации или фондации со свои канцеларии во Македонија; (4) сопственици и уредници во медиуми; (5) раководни лица во домашни претпријатија; (6) раководни лица во странски претпријатија; (7) раководни службеници кои се одговорни за јавни набавки; (8) судии и обвинители; (9) раководни лица во странски организации, активни во пост-конфликтна реконструкција. Вака сегментираниот примерок беше структуриран на три нивоа: национално ниво, ниво на главен град и ниво на конфликтно подрачје – Тетово.

од НФМ, за тоа дали ја поттикнуваат корупцијата, како и оцените за (не) постоењето на политичката волја да се намали негативното влијание на НФМ.

## ВЛИЈАНИЕ НА НФМ И СЕКТОРИ ВО КОИ НФМ СЕ НАЈВЛИЈАТЕЛНИ

Најголем дел од одговорите од сите соговорници (84 %) оценуваат дека НФМ во Македонија се влијателни. Ваквиот став е особено чест кај претставниците од медиумите и од НВО, но и кај претставниците на странските фирми. За поимањето на влијанието јасно зборуваат следниве одговори: „... врската меѓу политиката и олигархијата е целосно неформална, но многу моќна и влијателна. Во таквите мрежи се инволвирани и други структури, како судство, што ги прави уште помоќни. Во ова се инволвирани и највисоки нивоа на администрацијата, што е повторно поврзано со политиката, а тука се и некои медиуми, кои се поседувани од ваквите мрежи. НФМ играат водечка улога во изборот или именувањето на службениците. ... тие дури ја контролираат државата. ... За да ги завршите работите, треба да сте дел од овие НФМ".

Сектор во кој НФМ се највлијателни се политичките партии! Ваквите одговори се најчести – нешто повеќе од една четвртина одговори од сите испитаници. Индикативно е што избраните претставници, почесто од сите други, ги посочуваат политичките партии како сектор во кој НФМ се највлијателни, при што како особено провокативен би го посочиле следниов одговор: „... и сеедно дали делуваат како позиција или опозиција, тие ги чуваат нивните канали. Тие имаат техники, со цел да го сочуваат нивното незаконски стекнато богатство". Со значително помал број одговори, но сепак, како втор најчесто посочуван сектор каде НФМ се највлијателни е судството. За ваквото влијание илустративен е следниов исказ: „Ако НФМ влијае, тоа го прави особено преку владејачката партија, а влијанието може да биде усмерено и врз ... судството, но тоа оди потешко. Сепак, влијанието може да се реализира при избор и именување на судии. Потоа би било лесно ...".

## НЕФОРМАЛНИТЕ МРЕЖИ – КОРИСНИ ИЛИ ШТЕТНИ?

Несомнено, клучен аспект во врска со мрежите, освен веќе изложените аспекти за нивната активност и влијание, е и прашањето за нивната корисност или штетност. Во голем број случаи постои двојство, соговорниците нагласуваат дека НФМ може да бидат и корисни и штетни. Сепак, секој втор одговор мрежите ги оценува како штетни, а само две петини од вкупниот број одговори, НФМ ги оценуваат како корисни. Најкритични кон НФМ се соговорниците од групите: медиуми, домашни фирми и јавни набавки. Штетноста од НФМ ја опишуваат како „фарса за демократијата", а ја идентификуваат во тоа што „НФМ се обидуваат да управуваат со општествениот живот, или да го преусмеруваат влијанието од одделни теми ... заради нечии интереси, ... кои многу често се интереси на одредени бизнис групи". За оние кои НФМ ги оценуваат како „безрезервно штетни", тие се „најлесниот начин за да се

заобиколи законот, тие се штетни за развој на општеството, за развој на економијата“.

## ДАЛИ НЕФОРМАЛНИТЕ МРЕЖИ ПОТТИКНУВААТ КОРУПЦИЈА?

Судејќи според одговорите од сите групи, може да се каже дека НФМ претставуваат своевиден инкубатор за корупцијата: 115 одговори оценуваат дека ваквите мрежи ја олеснуваат корупцијата, а во само 7 одговори е искажан спротивен став: НФМ не ја олеснуваат корупцијата.

Индикативно е што партиско-политичките претставници, иако се од различни, па и спротивставени партии, покажуваат целосно едногласие: сите оцениле дека НФМ ја олеснуваат корупцијата. Ваквиот заеднички именител, сепак, има јасно препознатливи нијанси, од една страна се одговорите: „Да, на секој начин. Почнувајќи од Премиерот во Владата, сите тие се инволвирани на некој начин“; а од друга страна се оценува: „Имам впечаток дека ваквата пракса е минимизирана во сегашниов период, затоа што Владата е цврсто одредена да се бори против овие девијантни појави“. Оценувајќи дека НФМ ја олеснуваат корупцијата, претставниците од медиумите објаснуваат: „... ако луѓето се дел од силните структури на власта, тие може да го олеснат пристапот до тендери, пари, фондови ...“; или ги опишуваат појавите на корупција во сопствената сфера: „Владата ги корумпира медиумите, за да ја добие нивната поддршка. Ако имате корумпирано судство, корумпиран здравствен систем, тешко е да се верува дека новинарството не е корумпирано.“. Соговорниците судии и обвинители, посочуваат на искуства од сопствениот сектор: „Не можам да тврдам дека нема вакви работи во судството. Понекогаш примаме судски одлуки од пониските судови кои индицираат ... дека или судијата од пониският суд е ’легален далтонист‘ или нема никакво знаење од примена на законите“.

## (НЕ)ПОСТОЕЊЕ НА ПОЛИТИЧКА ВОЛЈА ДА СЕ НАМАЛИ НЕГАТИВНОТО ВЛИЈАНИЕ НА НФМ

Незначително се побројни одговорите кои оценуваат дека во Македонија не постои политичка волја да се намали негативното влијание на НФМ, во однос на одговорите според кои ваква волја постои.

Најголем број одговори дека постои политичка волја има во групите: политичко-партиски претставници и избрани претставници, а нивната аргументација е или во вербата во Премиерот или во вербата во активностите на Владата и на институциите, во новата регулатива и во намалувањето на дискреционите права. Но и во рамки на ваквите ставови, со кои се потврдува постоењето на политичка волја, се нагласува дека таквата волја често е „само декларативна“, и се поставува прашањето: „... дали е таа доволна, ... дали ќе се истрае и дали ќе се успее во намерите“. Наспроти ваквата верба, соговорниците од медиумите, од невладините организации и од странските донатори, покажуваат нагласен песимизам: два пати почесто одговараат дека

нема политичка волја да се намали негативното влијание на НФМ. Нивната аргументацијата ја нагласува поврзаноста на политичарите со НФМ: „Сè уште нема критична маса ... првенствено затоа што политичките партии и политичарите сè уште имаат голема корист од мрежите, ... кои се главните финансиери на политичките партии“. Оцените за недостаток од политичка волја се темелат и врз неефикасноста да се расветлат бројните афери, врз недоволната транспарентност во намалувањето на негативното влијание на НФМ, како и врз отсуство на корисни НФМ, оние кои треба „да работат кон подигање на свеста и градење на јавното мислење“.

**ЗАКЛУЧОК**

Централното прашање е во која мера може да се реализира основниот принцип на демократијата: врз основа на правила и институции, кои се еднакви за сите, да се контролира моќта на државниот апарат, ако токму тие стожерни елементи се изложени на притисок од неформалните мрежи.

Сумарната реконструкција на ваквиот секојдневен притисок врз институциите, но и врз цивилното општество, врз основа на резултатите од истражувањето, недвосмислено покажува: (1) Неформалните мрежи во Македонија се влијателни, а нивното влијание е организирано и се простира врз сите сфери. (2) НФМ се највлијателни во политичките партии. Истовремено, јасно е дека таквата своја „вгнезденост“ мрежите успеваат оптимално да ја инструментализираат, односно токму преку моќта на политичките партии, го зајакнуваат и шират сопственото влијание. (3) Елитата иако свесна за амбивалентноста на мрежите: тие може да бидат и корисни и штетни, сепак два пати почесто оценува дека неформалните мрежи се штетни, отколку што оценува дека се корисни. Ваквите оцени се важен показател за актуелната природа на НФМ во Македонија. (4) Елитата е вонредно хомогена во оцените дека неформалните мрежи ја поттикнуваат корупцијата. (5) За жал, ваквата заедничка свест за врската: неформални мрежи – корупција, е со „краток рок“. Елитата е „поделена на две“ кога го оценува (не)постоењето на политичката волја за намалување на негативното влијание на неформалните мрежи. Оние кои ја персонализираат и институционализираат политичката волја: партиско-политичките и избраните претставници – најчесто оценуваат дека таквата волја постои. Од друга страна, токму оние кои, во име на цивилното општество, професионално ја набљудуваат политичката сцена, па оттука и (не)постоењето на политичката волја, претставниците на медиумите, на НВО и на странските донатори, најчесто оценуваат дека таквата волја не постои.

Очигледно, културата на „неформално однесување“ предизвикува искривена диоптрија, особено кога треба да се идентификуваат решенијата за намалување на негативното влијание на неформалните мрежи. Таквата искривеност спречува да се создадат решенија за контролирање на државната моќ, но исто така спречува да се артикулира и граѓанското општество. Токму заради персонално-институционалната затвореност, самодоволност и некритичност

на власта, во чија основа се неформалните мрежи, граѓанското општество ја губи можноста да биде динамичен коректив на правилата и институциите. Двостраноста на демократијата се претвора во двојност, на два, разделени, па и спротивставени света.

**Користена литература:**

Хелд, Дејвид. *Модели на демократија*, Скопје, Академски печат, 2008

Garmaise, J. Mark and Moskowitz, J. Tobias. *Informal Financial Networks: Theory and Evidence,* The Review of Financial Studies, Winter (2003), vol. 16, no. 4, pp. 1007-4;

Tisne, M., and Smilov, D., *From the Ground Up Assessing the Record of Anticorruption Assistance in Southeastern Europe,* Budapest: Central European University, 2004

Czarnota, A., Krygier, M. and W. Sadurski, eds., *Rethinking the Rule of Law after Communism.* Budapest: Central European University Press, 2005.

Grødeland, Å., Berit. "*Red Mobs*", "*Yuppies*" *and* "*Lamb Heads*"*: Informal Networks and Politics in the Czech Republic, Slovenia, Bulgaria and Romania,* paper presented at the ICCEES VII World Congress, Berlin, 25-30 July 2005.

Grødeland, Å., Berit. *Informal Networks and Corruption in East Central Europe,* paper prepared for Conference on "Corruption and Scandals in the Public Service and the Political System", Panteon University of Social and Political Sciences, Athens, 2003.

Miller, W.L., Grødeland, Å.B. and T.Y. Koshechkina, *A Culture of Corruption? Coping with Government in Post-communist Europe,* Budapest: Central European University Press, 2001.

Sandholtz, W., and Gray, M., *International Integration and National Corruption,* University of California, 2001

**ABSTRACT**

Democracy is continuous looking for solutions how to control the power of the state, actually how to articulate and provide a workable civil society. The solution is in establishing rules and institutions which will guarantee the equal rights of the citizens. Democratization, especially in the post-Communist countries, is facing enormous challenges in reforming mentality, everyday behavior and political culture. Researching informal relations and networks is not only an acceptance of such a challenge, but also an indicator of the level of established democracy. Hence, the central question that arises from these issues is what the level of democracy in Macedonia is. The answer to this question is based on the answers of the list of questions such as the following: (1) Whether informal networks in Macedonia are influential and in what sphere they are the most influential; (2) Whether informal networks are more useful or more harmful for the society and whether they facilitate corruption; (3) Is there a political will to reduce the negative influence of informal networks?

Key words: *infromal relations, informal networks, influence of informal networks*

**Климе Бабунски** е вработен во Институт за социолошки и политичко–правни истражувања од Скопје. Има раководено или ко-раководено со над триесет истражувачки проекти со широк спектар на предмети на истражување, каде се јавува и како автор на истражувачките извештаи.

Сфери на потесен професионален интерес му се пред сè: слободата на говорот и слободен пристап до информации, регулатива на медиуми и комуникациска политика, јавно мислење и односи со јавност.

**Трајко Вељаноски** (1962) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" ги завршува студиите по правни науки, а во 1988 година го полага адвокатскиот испит. Своето политичко ангажирање го започнува во 1993 година со вклучувањето во ВМРО-ДПМНЕ. Во 1999 година е избран за потсекретар во Министерството за правда на Владата на РМ, каде што набргу станува и заменик министер. Во повеќе изборни циклуси е ангажиран како член на Државната изборна комисија. На парламентарните избори во 2006 година е избран за пратеник во Собранието на Република Македонија и повторно на изборите во јуни 2008 година. На конститутивната седница на новиот собраниски состав е избран за претседател на Собранието на Република Македонија.

**Проф. д-р Ахмед Давутоглу** е турски политиколог. Во 2002 година е именуван за главен советник на Премиерот за надворешна политика. Професорот Давутоглу има објавено неколку книги и текстови за надворешната политика, од кои некои се преведени на неколку јазици, вклучително и јапонски, португалски, руски, арапски и албански.

**Проф. д-р Ѓорге Иванов** е професор по политички науки на Правниот факултет „Јустинијан I" во Скопје. Бил член на Советот на директори на европските постдипломски студии за демократија и човекови права на Универзитетот во Болоња и координатор на курсот за демократија. Од 2001 година е раководител на Политичките студии при Правниот факултет во Скопје. Од 2008 година претседател е на Одборот за акредитација на високото образование на Република Македонија. Бил раководител на повеќе проекти од областа на високото образование. Има објавувано трудови во повеќе британски, американски и германски стручни и еминентни списанија. На претседателските избори во април 2009 година д-р Ѓорге Иванов е избран за Претседател на Република Македонија.

**Д-р Трендафил Ивановски** е роден 1946 година во Бадилен, општина Струмица. По дипломирањето на Правниот факултет во Скопје во 1969 година работи во Собранието на СРМ како вршител на должноста секретар на Законодавно-правната комисија, од 1972 година работи како советник во

Републичкиот секретаријат за законодавство и организација, од 1977 година бил секретар на Собранието на општината Карпош, од април 1982 година – секретар на Собранието на Град Скопје. Од 1993 година работи во Уставниот суд на Република Македонија, со статус на државен советник.

Во континуитет учествува во стручната работа на измените на Уставот на СРМ од 1969 година до донесувањето на Уставот на Република Македонија од 1991 година. Во јуни 1990 година ја одбранил докторската дисертација на тема „Градските заедници во комуналниот систем“ со што се стекнал со академски степен – доктор на правни науки. За судија на Уставниот суд на Република Македонија е избран на 7 мај 2003 година, а за Претседател на Судот на 2 ноември 2007 година.

**Проф. д-р Звонимир Јанкулоски** е декан на Правниот факултет на Универзитетот „Американ колеџ“ – Скопје. Магистрирал и докторирал во областа на меѓународното јавно право во 1990 година. Постдокторските студии ги продолжува во Центарот за човекови права на Универзитетот во Есекс, како стипендист на Британската влада и на Универзитетот во Беркли – Калифорнија како фулбрајтов стипендист. Својот научен интерес проф. Јанкулоски го фокусира на проучувањето на концептот на човековите права и нивната имплементација на меѓународен план. Објавил осум книги и голем број статии во таа област. Член е на тимот за преговори со ЕУ за Договорот за стабилизација и асоцијација во делот за правда и внатрешни работи и е еден од изготвувачите на Извештајот за компатибилност на македонскиот правен поредок со Европската конвеција за човековите права. Во периодот од 2002 до 2005 година е амбасадор и постојан претставник на Република Македонија во Советот на Европа во Стразбур.

**Андреас Клајн** (1972) во 2000-тата ја отвори канцеларијата на Фондацијата „Конрад Аденауер“ во Скопје и истата ја раководеше до 2004. Заедно со актуелниот претседател на Република Македонија д-р Ѓорге Иванов го основаа и издадоа кварталното списание „Политичка мисла“. Денес Андреас Клајн раководи со регионалната канцеларија на Фондацијата „Конрад Аденауер“ за балтичките држави со седиште во Рига/Летонија, како и со регионалниот проект на Фондацијата „Соработка на земјите од Балтичко Море“.

**Сашо Клековски**, Прв извршен директор, Македонски центар за меѓународна соработка, skl@mcms.org.mk; www.mcms.org.mk. Роден е на 13 април 1966 година во Скопје. Завршил Медицински факултет во Скопје. Оженет е со Ана и има две деца, Ангелина и Никола. Неговото искуство е дваесетгодишна работа на раководни позиции во граѓанскиот сектор. На крајот на осумдесеттите и почетокот на деведесеттите ги води Сојузот на студентите по медицина на Македонија и Сојузот на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

Во 1993 година е еден од основачите, а од 1994 година е извршен директор на Македонскиот центар за меѓународна соработка. Од 1998 до 2008 година е застапник на Македонската развојна фондација за претпријатија. Тој е член на повеќе комитети во Македонија и во странство, вклучувајќи и во Управниот одбор на Транспарентност Македонија. Потпретседател е на Деловниот совет на Универзитетот Американ колеџ – Скопје. Тој е прв ко-претседател на Заедничкиот консултативен комитет на граѓанското општество меѓу Европската Унија и Република Македонија за периодот 2009-2010 година.

**Сашо Кокаланов,** роден 1977, новинар и писател, од 2008 година е главен и одговорен уредник на дневниот весник „Дневник".

**Бујар Лума** е еден од најистакнатите интеркултурни медијатори меѓу младите во балканските региони зафатени со конфликти. Основач е на ЛОЈА, Центарот за соработка на Балканот (CBC LOJA). ЛОЈА е невладина, непрофитна и непартиска организација основана во 1999 како одговор на етничките конфликти во поранешна Југославија. Како театарски режисер по вокација, во својата работа ги применува современите театарски техники со цел да се воспостави ефикасен интеркултурен дијалог меѓу децата и младите. Иницијативите покренати од ЛОЈА во средини во кои владеат етнички тензии станаа модел којшто е применуван и во Република Македонија и во поширокиот регион.

**Д-р Васко Наумовски** (1980) дипломирал меѓународно право на Правниот факултет во Скопје, магистрирал на Рајнскиот универзитет „Фридрих Вилхелм" во Бон, Германија, а магистрирал и на Правниот факултет во Скопје, на теми од областа на интеграцијата на Република Македонија во Европската Унија. Во 2008 година докторирал на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје на тема од областа на влијанието на европските институции и проширувањето на Европската Унија со државите од Западниот Балкан. Од 2005 година работи на Њујорк универзитетот Скопје, на Факултетот за меѓународни односи, политика и европски студии, каде што во 2008 година бил избран во наставно-научното звање доцент по меѓународно право и право на ЕУ. Од 2009 е заменик претседател на Владата на РМ за европски прашања.

**Александар Спасеновски**, роден 1980 година, магистер по меѓународна политика, докторант по правно-политички науки на Правниот факултет „Јустинијан први", асистент на истиот факултет, поранешен стипендист на Фондацијата „Конрад Аденауер" и пратеник во Собранието на Република Македонија.

**Ерван Фуере** (1946) - неговата кариера во Европската комисија започнува во 1973 год. при Генералниот директорат за надворешни работи. Во 1984 год. назначен е за Заменик шеф на Делегацијата на Европската комисија за Латинска Америка со седиште во Каракас, Венецуела, а потоа и како прв Шеф на делегациите во Мексико, Куба и Јужна Африка и во 2002 Шеф на Делегацијата во Словенија. Во 2005 год. е назначен за Специјален претставник на Европската Унија и Шеф на Делегацијата во Република Македонија.

**Klime Babunski** works at the Institute for Sociological, Political and Juridical Research in Skopje. He has conducted more than 30 research projects with a wide spectrum of research subjects, where he is also the author of research reports.

His main fields of professional interest are freedom of speech and freedom of information, communication policy and regulation of mass media systems, public opinion and public relations.

**Professor Ahmet Davutoğlu** holds a degree in political sciences. In 2002 he was appointed Chief Adviser to the Turkish Prime Minister and in 2009 he was appointed Minister of Foreign Affairs of Turkey. Professor Davutoglu has published several books and articles on foreign policy, some of which have also been translated into several languages including Japanese, Portuguese, Russian, Arabic, Persian and Albanian.

**Erwan Fouéré** (1946) His career in the European Commission started in 1973 in the Directorate General for External Relations. In 1984 he was appointed Deputy Head of Delegation of the Delegation of the EC for Latin America with headquarters in Caracas, Venezuela and after that, first Head of Delegation in Mexico, Cuba, and South Africa. In 2002 he was appointed Head of Delegation for Slovenia and in 2005 he was appointed as the European Union Special Representative and Head of Delegation in the Republic of Macedonia.

**Dr. Gjorge Ivanov** is Professor of Political Sciences at the Iustinianus Primus Faculty of Law in Skopje. He was member of the Council of Directors of the European Postgraduate Studies on Democracy and Human Rights at the Bologna University. In 2001 he was elected Head of the Political Studies Department at the Faculty of Law in Skopje. In 2008 he was president of the Higher Education Accreditation Board of the Republic of Macedonia and headed numerous higher education projects. He has published articles in many British, American and German scholarly journals. Dr. Gjorge Ivanov is the current President of the Republic of Macedonia elected in the 2009 presidential elections.

**Trendafil Ivanovski**, **Ph.D**. (Badilen, Municipality of Strumica, 1946). After graduation from the Faculty of Law in Skopje in 1969 he worked as Secretary of the Legislative Commission at the Assembly of the Socialist Republic of Macedonia. From 1972 he was adviser at the National Secretariat for Legislation and Organization. In 1977 he worked as Secretary of the Municipality of Karpoš and of April 1982 as Secretary of the Skopje City Council. From 1993 he was state adviser at the Constitutional Court of the Republic of Macedonia. He was continuously involved in expert activities related to amendments made to the Constitution of 1969 until the enactment of the new state Constitution in 1991. In June 1990 he

obtained his Ph.D. degree in legal sciences with his thesis "City communities in the communal system". On 7 May 2003 he was elected Judge of the Constitutional Court of the Republic of Macedonia, and on 2 November 2007 its President.

**Prof. Dr. Zvonimir Jankuloski** is Dean of the Faculty of Law at the University American College Skopje. He holds an MA degree in public international law and a Ph.D. degree in the same field (obtained in 1990). He continued his post-doctoral studies at the Human Rights Centre at the University of Essex as a scholar of the British government and as a Fulbright scholar at the University of Berkley, California. The focus of his scholarly interest is the study of the concept of human rights and its implementation on the international level. He is the author of eight studies and numerous articles in this domain. Prof. Jankuloski is member of the negotiation team for the EU Stability and Association Agreement for the segments of justice and internal affairs and is one of the authors of the report on the compatibility of the Macedonian legal system with the European Convention on Human Rights. Between 2002 and 2005 he was Ambassador and Permanent Representative of the Republic of Macedonia to the Council of Europe in Strasbourg.

**Andreas Klein** (1972). In 2000 he opened the office of the Konrad Adenauer Foundation in Skopje and headed it until 2004. Together with Mr. Gjorge Ivanov, the current President of the Republic of Macedonia, he is the co-founder and first publisher of the quarterly magazine *Political Thought.* Today, he is the head of the regional office of the Konrad Adenauer Foundation for the Baltic countries with headquarters in Riga, Latvia, and the regional project Cooperation of the Baltic Sea Countries conducted by this foundation.

**Sašo Klekovski**, (1966) Graduated from the Medical Faculty in Skopje. He is married to Ana and father of two children, Angelina and Nikola. Mr. Klekovski has a 20-year long experience on managing positions in the civil society sector. In the late 1980s and early 1990s he was the leader of the Macedonian Medical Students' Association (MMSA) and the Student Union of the Ss. Cyril and Methodius University. In 1993 he was one of the founders and since 1994 has been Executive Director of the Macedonian Centre for International Cooperation. From 1998 to 2008 he was the representative of the Macedonian Enterprise Development Foundation. He is also member of several committees in the country and abroad and the first co-chair of the EU – Republic of Macedonia Civil Society Joint Consultative Committee for the period 2009/2010.

**Sašo Kokalanov** (1977). Journalist and author. Since 2008, editor-in-chief of the Dnevnik daily newspaper

**Bujar Luma** is one of the most important intercultural mediators among the youth in the conflict areas of the Balkans. He is the founder of the LOJA Centre for Balkan Cooperation (CBC LOJA). LOJA is a non-governmental, non-profit and non-political organization established in 1999 in response to the ethnic conflict in former Yugoslavia. A theatre director by vocation, Bujar Luma integrates into his work modern theatre techniques to engage effectively an intercultural dialogue between children and youth. Initiatives launched by LOJA in ethnically charged environments went on to become models for replication in the Republic of Macedonia and the wider region.

**Dr. Vasko Naumovski** (1980) holds a B.A. degree in International Law obtained from the Faculty of Law in Skopje, an MA degree from the Rheinische – Friedrich – Wilhelms University of Bonn in Germany, and an MA degree from the Faculty of Law in Skopje, in scholarly fields related to the EU integration of the Republic of Macedonia. In 2008 he received his Ph.D. degree from the Iustinianus Primus Faculty of Law in Skopje with a thesis entitled The Influence of the European Institutions and the Enlargement of the European Union with the Western Balkan Countries. He has worked at the New York University Skopje since 2005 at the Faculty of International Relations, Politics and European Studies, and in 2008 he was elected Assistant Professor of International Law and EU Law. He was nominated Deputy Prime Minister for European Affairs in 2009.

**Aleksandar Spasenovski** (1980) post-graduate in international politics, candidate for a doctoral degree in the field of law and politics at the Faculty of Law “Iustinianus Primus” in Skopje. Works as assistant at the same Faculty. Former fellow of the „Konrad Adenauer“ Foundation. Currently, MP in the Assembly of the Republic of Macedonia.

**Trajko Veljanoski** (1962). Graduated from the Faculty of Law at the Ss. Cyril and Methodius University and in 1988 passed the bar examination. He started his political engagement in 1993 by joining VMRO-DPMNE. In 1999 he was elected Under-Secretary at the Ministry of Justice in the Government of the Republic of Macedonia and was soon afterwards appointed Deputy Minister of Justice. In a number of election rounds, including presidential, parliamentary and local elections, he was involved as Member of the State Election Commission. At the 2006 Parliamentary Elections Trajko Veljanoski was elected Member of the Parliament of the Republic of Macedonia and again at the elections in June. At the Constitutive Session of the new Parliament he was elected President of the Parliament of the Republic of Macedonia.